МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

СТУДЕНТ: РОСАНА ХРИСТОВА
БРОЈ НА ИНДЕКС: М 197012
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р МАРЈАН КИЦЕВСКИ

Свети Николе, 2020

Краток извадок

Во овој модернистички и урбанистички свет живееме во едно општество во кое секојдневно се соочуваме со предизвици. Во ерата на предизвиците со кои се соочуваме, сè потешко наоѓаме решенија за проблемите, криминалот, тероризмот, сиромаштијата, гладот, војните, наркоманијата и многу други појави, кои нè тераат да се запрашаме каде води овој модерен, современ и урбан живот. Дали во ерата на демократијата не треба да постои никакво ограничување, свест кај самите нас, културата и совеста што во себе ја носиме, која треба да ја пренесеме на генерациите кои доаѓаат по нас. Накратко ќе објаснам дека тие предизвици нè тераат да се запрашаме дали проблемите кои настануваат од секојдневието се ризик фактори за појава на кривични дела. Недоволното внимание кон децата, секојдневните проблеми и обврски не ги заштитуваат нашите деца, напротив тие немаат никаква заштита, а самите ние треба да им ја пружиме и тогаш виктимизацијата си го наоѓа својот пат. Во овој труд ќе го елаборираме прашањето за проблемот на децата жртви на насилство, сиромаштија, криминал и друго. Од ова накратко ќе резимираме дека кога се раѓа кривично дело, тогаш детето кое е жртва на кривичното дело, не по своја вина, најчесто ги сноси сите последици од понатамошната кривична постапка.

Клучни зборови: деца жртви, сведоци, кривични дела, заштита, последици.

Abstract

In this modernist and urban world we live in a society in which we face challenges every day. In the age of challenges we face, it is increasingly difficult to find solutions to problems, crime, terrorism, poverty, hunger, war, drug addiction and many other phenomena that make us wonder where this modern, contemporary and urban life leads. Shouldn't there be any restrictions in the era of democracy, awareness of the culture and conscience that we carry within us and should we pass it on to the generations that come after us. I will briefly explain that these challenges do not ask whether for those problems that arise from everyday life are a risk factor from which crimes occur, insufficient attention to children, everyday problems and responsibilities do not protect our children, on the contrary they do not have any protection that we should give them we provide it and then the victimization finds its way. In this paper we will elaborate on the issue of the problem of children victims of violence, poverty, crime, etc. From this we will summarize that (crime) is born, then the child victim of crime through no fault of his own usually bears all the consequences of further criminal proceedings.

Keywords: child - victims, witnesses, crimes, protection, consequences

СОДРЖИНА

Краток извадок 2
Abstract 3
ВОВЕД 8
II 11
МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 11
1. ПРОБЛЕМ, ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 11
1.1. Проблем на истражување 11
1.2. Предмет на истражување 11
1.3. Цел на истражување 12
2. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 12
2.1. Главна хипотеза на истражување 12
2.2. Помошни хипотези 12
3. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ 13
4. ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 14
III 15
СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И ПРОБЛЕМОТ НА ДЕТСКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА 15
КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВА НА ДЕТЕТО 16
МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА КАЗНЕНО ПРАВО 18
ТОЛКУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА 19
IV 20
ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА 20
МЕРКИ НА ПОМОШ И ЗАШТИТА 20
ИСКЛУЧУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ОВОЈ ЗАКОН 21
ВИДОВИ НА МЕРКИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА И ПРЕКРШОЦИ 23
ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦАТА 24
ПОСТАПКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ОДВРАЌАЊЕ 24
УСЛОВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА 25
ПОСТАПКА НА МЕДИЈАЦИЈА 26
УСЛОВИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА 28

ЗАПОЧНУВАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА НА МЕДИЈАЦИЈА 30
ТЕК НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦА 32
ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕТЕ 34
ПРАВНИ ЛЕКОВИ 37
ЖАЛБАТА КАКО РЕДОВЕН ПРАВЕН ЛЕК 37
ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ 38
ФАКТОРИ, ЕТИОЛОГИЈА И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО 38
ФАКТОРИ ЗА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО 38
ЕГЗОГЕНИ – НАДВОРЕШНИ ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО 40
СИРОМАШТИЈАТА КАКО РИЗИК ФАКОР 40
СЕМЕЈСТВОТО КАКО РИЗИК ФАКТОР 42
ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО РИЗИК ФАКТОР 43
ВРСНИЦИТЕ И СОСЕДСТВОТО КАКО РИЗИК ФАКТОР 44
V. 45
ЗАШТИТА НА ДЕЦА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 45
ПРАВА НА ДЕТЕТО ЖРТВА 46
ПОСЕБНИ ПРАВА И МЕРКИ НА ПРОЦЕСНА ЗАШТИТА 49
ДЕЦАТА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСПТАПКА 50
СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ И РЕЗОЛУЦИЈА 2004/27 – УПАТСТВА ЗА ПРАВОСУДНИТЕ ПРАШАЊА КОИ ВКЛУЧУВААТ ДЕЦА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА 51
ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО 56
ПРИМАРНА ПРЕВЕНЦИЈА 56
СЕКУНДАРНА ПРЕВЕНЦИЈА 57
ТЕРЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА 57
VI. 58
ВЛИЈАНИЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ 60
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ 61

ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 62
СУБЈЕКТИ КОИШТО ГИ СПРОВЕДУВААТ МЕРКИТЕ НА ЗАШТИТА 63
Мерки на Центарот за социјални работи 63
Мерки на Министерството за внатрешни работи 63
Мерки на здравствените установи 64
Мерки на единиците на локалната самоуправа 64
Мерки на здруженија 64
ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДЕЦА МАЛОЛЕТНИЦИ КОИ БИЛЕ ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ – СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА 65
Табела 2 65
VI. 67
КОМПАРАТИВНО ГЛЕДИШТЕ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРВИЧНИ ДЕЛА И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА 67
ОБУКА НА ЕКСПЕРТИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ПРОТОКОЛОТ 70
КАКО СЕ ДЕФИНИРАНИ ЗЛОУПОТРЕБИТЕ И ЗАНЕМАРУВАЊАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ 71
ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА 74
МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА СО ПАНДЕМИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА И ВЛИЈАНИЕ НА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА 75
VII. 77
КОМПАРАТИВНО ГЛЕДИШТЕ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРВИЧНИ ДЕЛА И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА 77
КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО 78
НАЈДОБАР ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО 78
ПРАВО НА ДЕТЕТО СО НЕГО ДА СЕ ПОСТАПУВА ДОСТОИНСТВЕНО И СОЧУВСТВИТЕЛНО 79
ПРАВО НА ДЕТЕТО НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА 80
ПРАВО НА ИНФОРМАЦИИ 80
ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ 81
ПРАВО НА СИГУРНОСТ 81
ПРАВО НА КОМПЕНЗАЦИЈА 83
ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДЕЦА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА 90

VIII. 87
ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПОРЕД ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА 87
ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ ВО РЕПУБЛИКА ГЕРМНИЈА 89
КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЖРТВАТА 90
ПРАВА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА 90
ПРОЦЕНТУЕЛЕН ПРИКАЗ НА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА СПОРЕД ПОЛ 96
ЗАКЛУЧОК 92
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 96
ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ 99
ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦИ 100

ВОВЕД

Во денешно време живееме во едно современо општество, во кое се соочуваме со предизвици и проблеми, а најалармантен е проблемот со детската (малолетничка) деликвенција. Живееме во ера на демократија и слободи и права кои се темел на една современа правна држава, меѓутоа во свеста постојано ни се јавува прашањето за тоа како да се подобри функционалноста на системот на одбрана и заштита на децата. Одговорот на тоа сметам дека можеби се наоѓа во социјализацијата во семејството, подобрувањето на системот на образованието и воспитувањето, развојот на хуманоста итн. Во овој труд мојата тема се однесува на заштитата на децата жртви на кривични дела и сведоците во кривичната постапка. Во него ќе ја образложам заштитата, постапката, мерките на заштитата на децата жртви и друго, и сметам дека успехот за ваквата борба многу зависи од општеството во кое живееме. Овој т.н. глобален проблем не е присутен само во нашава земја, туку е присутен насекаде во светот. Сметам дека сите ние се залагаме за превенција на истиот, бидејќи кривичното дело е одраз на веќе стореното детско престапништво. Спречувањето на деликвентното однесување претставува тешка задача за нас и за институциите и надлежните органи кои се справуваат со истото, меѓутоа крајната цел, односно исходот од крајот е намалување, разбирање и надминување на проблемот кој настанал. Деликвенцијата сама по себе подразбира личности кои не живеат во согласност со законските и моралните норми како секој поединец, без разлика дали се работи за сиромаштија, наркоманија, лошо друштво. Која и да е причината за сторување на кривично дело, жртвите – децата и сведоците треба да бидат заштитени. Постапката спрема децата најчесто не е иста како и постапката спрема возрасните сторители на кривични дела. Кога сме кај децата, овде треба да земеме предвид повеќе фактори, а најчесто тоа е зрелоста на детето, емоционалниот развој, можностите, потребите и други фактори кои се од корист за прифатливото и неприфатливото однесување на детето жртва или сведок во извршување на кривично дело. Според горенаведеното, мислам дека ние

како општество имаме систем и тој ситем на правда ги пружа мерките на помош и заштита и дека основната, односно главната цел, за која сите се залагаме, е да ги одбегнеме загрозувањата и да овозможиме секое дете да има правилен, здрав раст и развој.

Во магистерскиот труд, по воведниот дел најпрвин ќе дадеме осврт на аспектите за сторување на престапништво и појава на деликвенција кај децата малолетници, односно ќе го образложиме денешното современо општество и ќе дадеме заклучок, односно краен исход дали современото општество има позитивно или негативно влијание во однос на децата.

Во следниот дел ќе навлеземе во суштината и ќе направиме определување на мерките за заштита на децата жртви, како и постапувањето со децата, односно текот на кривичната постапка. Овде главниот акцент е ставен на мерките на заштита, како се спроведува подготвителната постапка спрема децата, нејзиниот тек за време на судскиот процес, самото влијание врз детето, посветеноста, грижата и неговата заштита и истовремено ќе обрнеме и внимание на постапката на медијација кај децата, односно детално ќе направиме анализа за нејзиното спроведување, започнување и завршување.

Во следниот дел главниот фокус ќе го ставиме на заштитата на децата жртви во Република Северна Македонија и на функционалното законодавство кај нас. Овде ќе ги опфатиме мерките за заштита, како и правата што треба да им бидат укажани на децата жртви и сведоци во постапката за време на судскиот процес и преземањето на превенција за заштита на децата, односно ќе дадеме детална анализа и образложение на поделбата на превенцијата на: примарна, секундарна и терцијална превенција.

Нредниот дел, односно потточка, ќе биде за ситуацијата со пандемијата во Република Северна Македонија и нејзиното влијание врз заштитата на децата жртви и сведоци. Овде детално ќе ги анализираме факторите кои може да се појават како последица и колку негативно влијание има моменталната ситуација со вирусот во државата. Исто така, ќе направиме и табеларен приказ за годините наназад и денешната ситуација и детално ќе обрнеме внимание на денешната ситуација со

пандемијата, односно нејзиното влијание на децата жртви и сведоци на семејните насилства, со оглед на тоа што имаме зголемување на семејните насилства.

Во наредните потточки ќе се направи компративна анализа на заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка во неколку држави. Исто така, ќе направиме споредба со законодавствата во тие држави и нашето македонско законодавство, во однос на заштита на децата кои се жртви на кривични дела или семејни насилства. Во однос на компаративните гледишта за заштита на децата жртви и сведоци, ќе направиме споредба и анализа на ситуацијата во државите: Република Србија, Република Хрватска и Република Германија. Истовремено ќе презентираме и табеларен приказ со веродостојни податоци од претходните години и денес.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За самото научно истражување, потребно е применување на соодветни методолошки техники, односно соодветни научни методи. Во рамките на овој дел ќе биде направено едно презентирање и претставување на методолошкиот пристап, кој ќе биде искористен за изработката на овој магистерски труд. Посебно во овој дел на трудот ќе биде разработен проблемот на научното истражување, предметот на научното истражување и целта на научното истражување. Основните категорични концепти на научното истражување се манифестираат преку начините на изработка на трудот, преку оправданоста за изработка на темата, како и соодветното дефинирање на главната и помошните хипотези на истражувањето.

1. ПРОБЛЕМ, ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1.1. Проблем на истражувањето

Во рамките на магистерскиот труд се прави целосно согледување на системот на превенција за заштита на децата жртви и сведоци во кривчната постапка, како поведение кое предизвикува позитивни и негативни последици за децата жртви и сведоци во општеството во целина. Проблемот на ова истражување, всушност, се поврзува со утврдувањето на причините за заштита, мерките и функционалноста, односно нефункционалноста на системот на превенција за заштита на децата жртви и сведоци во кривичните постапки.

1.2. Предмет на истражувањето

Предметот на истражување на магистерскиот труд се однесува на определувањето на сите аспекти и мерки на системот за превенција на заштитата на децата жртви и сведоци во кривичните постапки.

1.3. Цел на истражувањето

Како цел на овој труд се поставува извлекувањето на определени заклучоци во однос на системот на правда и заштита на децата жртви и сведоци на кривични дела како во земјата, така и на меѓународен план. Потребно е да се детектираат сите оние негативни страни и елементи кои неповолно влијаат врз самиот систем на превенција на заштита на децата жртви и сведоци во кривичните постапки и како истите би се елиминирале.

Вака поставената цел на магистерскиот труд ќе биде од големо значење во димензионирањето на еден систем на превенција за заштита на децата жртви и сведоци во кривичните постапки, кој ќе биде поставен на едно високо ниво, односно димензионирање на систем на превенција, кој на успешен начин ќе обезбеди сузбивање на различните облици и форми на престапништва и деликвенции.

2. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊТО

2.1. Главна хипотеза на истражувањето

Изградувањето, односно конституирањето на еден соодветен и современ систем на превенција за заштита на децата жртви на кривични дела и сведоците во кривичната постапка е гаранција за успешно справување со различните кривични постапки, кои се случуваат во рамките на оваа криминална појава.

2.2. Помошни хипотези

- Создавањето на системот на превенција за заштита на децата жртви и сведоци во кривичната постапка во предвид треба да ја земе феноменолошката страна на оваа општествено негативна појава;
- Создавањето на системот на превенција за заштита на децата жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка задолжително предвид треба да ја земе етиолошката страна на оваа општествено негативна појава;
- За конституирање на соодветен систем на превенција за заштита на децата жртви и сведоци во кривичните постапки, значајни се конкретните активности и мерки на самата држава.

Сите овие хипотези, главната и помошните хипотези на истражувањето, за потребите на трудот треба дополнително да бидат разработени и развиени. Оваа разработка и развивање на хипотезите ќе биде направена во согласност со општите концепции на магистерскиот труд. Ќе бидат искористени неколку индикатори кои треба да овозможат тестирање на вака поставените хипотези на истражувањето. Така, во оваа смисла ќе биде направено соодветно консултирање на стручна и научна литература, која се однесува на потесната проблематика, ќе бидат разгледани регулативите на национално и меѓународно ниво, ќе се разгледаат моделите и механизмите кои се применуваат во практиката, и ќе биде извлечен соодветен теоретски заклучок.

3. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За изготвувањето на магистерскиот труд ќе бидат искористени неколку научни методи, кои се од помош во оформувањето на методолошките техники на истражување. Ќе бидат искористени такви научни методи кои имаат своја посебност и значење за општествените науки.

3.1. Методот на анализа треба да овозможи анализирање на содржините кои се однесуваат на заштита на децата жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка, со посебен дел на превенцијата на мерките за заштита. Преку самиот метод на истражување ќе се направи определување на различните и суштински делови на заштитата на децата жртви и сведоци, ќе се разјаснат основните поими, како и идеи кои се однесуваат на самата проблематика. Преку анализата на содржина, како метод, ќе направиме квантитативно и прецизно опишување на различните содржини, сè со цел да се создадат услови за утврдување на објективната природа на проблематиката која е од наш интерес. Преку овој метод треба да се обезбедат податоци, кои се веродостојни и точни и кои како такви може да се искористат за соодветни научни истражувања или пак да се искористат за проучување на некој друг, односно нов проблем од научна природа.

3.2. Методот на научно набљудување треба да ни овозможи собирање на податоци со помош на таканаречено сензорско набљудување, пред сè со помош на сетилото за вид и сетилото за слух. Ваквиот метод на научно набљудување е од посебно значење за евиденцијата на манифестните облици и појавни форми на она што е предмет на проучување.

3.3. Биографскиот метод во вкупното класифицирање на научните методи, се наоѓа помеѓу оперативните методи од една страна и методите кои се концептуални, од друга страна. Според својата суштина, овој биографски метод претставува квалитативен метод. Треба да се има предвид дека неговото применување во едно

научно истражување не означува и исклучување на некои други научни методи, како што се: статистичките методи, квантификациите, методите кои се поврзуваат со математички процедури и слично.

3.4. Компаративниот метод, или како што уште се нарекува споредбен метод, треба да овозможи споредување на претходно објаснети системи на самата тема, која е предмет на истражувањето, со земјите кои се од интерес. Искористувањето на компаративниот метод во крајна линија е сè со цел да се обезбедат добри практики од овие земји на споредба. За да би можело да стане збор за правилна примена на овој компаративен метод, потребно е применување и на функционалниот метод, како и применување на структуралниот метод. Преку функционалниот метод треба да се согледаат националните правни системи на земјите кои се компарираат, во смисла на она што е предмет на истражување. Додека пак, структуралниот метод треба да даде една реална слика и претстава за начинот на кој законите и нормите се имплементирани во рамките на самиот систем.

4. ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Самиот магистерски труд има јасно поставена научна и истражувачка оправданост.

4.1 Научната оправданост на самото истражување се согледува во потребата од систематизирање на научно-теоретските сознанија за заштита на децата жртви и сведоци во кривичната постапка, самиот феномен на оваа појава, различните мерки и активности кои се преземаат во насока на негово сузбивање, сè со една единствена цел, а тоа секако е успешна борба со оваа глобална закана.

Дополнително преку изработката на трудот се очекува да се збогати стручната литература која го разработува прашањето за заштита на децата жртви и сведоци во кривичната постапка воопшто, посебно прашањето кое се однесува на мерките и причините на сузбивање за заштита на децата жртви и сведоци во кривичните постапки.

4.2 Истражувачката оправданост на магистерскиот труд е тесно поврзана со научната оправданост. Едно вака поставено истражување ќе биде од голема помош на сите институции кои се занимаваат со прашањето за заштита на децата жртви и сведоци во кривичната постапка, како во национални рамки, така и во меѓународни рамки.

III. СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И ПРОБЛЕМОТ НА ДЕТСКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Проблемот на детската (малолетничка) деликвенција[1] во себе содржи низа специфичности, па според тоа сме секојдневни сведоци како современото општество се соочува со низа предизвици за кои сè потешко се наоѓаат прифатливи решенија за уништување на криминалот, тероризмот, намалување на сиромаштијата која владее, гладот, болестите, војните, масовноста на појава на наркоманија и слично. По завршувањето на Втората светска војна, во ерата на човековите слободи и правата на граѓанинот, живееме во ера на демократија со универзални вредности и преставка за современа и правна држава.

Но проблемот сè уште е алармантнен и предизвикува вознемиривачка колективна свест.

- Дали кај нас постои организиран систем на одбрана за заштита на децата?

Да, ние како општество се наоѓаме во процес на превенција, која го подобрува системот во секоја сфера, па така и во сферата на заштита на децата жртви на кривични дела и сведоци во кривична постапка, меѓутоа во прв ред ќе ја споменам превенцијата за социјализација во едно здраво семејство.

- Поимот семејство за секој од нас претставува примарна, општествена и биолошка заедница. Развојот и улогата на семејството е најзначајниот аспект за да се оформи една здрава личност, а принципите кои произлегуваат се начинот на размислување, негување на семејните вредности и традиции, развој на хумана личност, етаболирање на социјално однесување и други вредности и принципи кои сме должни да ги негуваме и даваме на личноста уште од најрана возраст.

Во втор ред е системот на образование.[2] Во современото општество образованието има своја модерна форма, кое уште од најрана возраст децата ги води и едуцира, и со самото тоа, образованието е процес на промена на личноста, односно,

[1] https://www.slobodnaevropa.mk/a/24266349.html
[2] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9E%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5

според мене, тоа е основа за самосоздавање на здрава и ефикасна личност во општеството.

Според досега наведените фактори, девијантното однесување на децата и нивната заштита може да имаат поинаква флексибилна и индивидуална призма. Ние како возрасни имаме позитивни и негативни страни, гледишта и влијанија врз надворешниот свет. Децата се само нашиот одраз, одраз на нашата култура и воспитување, на што сме ги научиле, па според тоа, тие не се виновни и најмалку децата треба да ги трпат невработеноста, социјалната беда, сиромаштијата, конфликтите итн. Децата не само што ги примаат истите и ги вградуваат во сопствениот ум и развој како трајна особина, и правецот во кој треба да се развиваат како здрави личности се менува и настануваат негативни последици на психолошко и деликвентно однесување.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВА НА ДЕТЕТО

Овој договор ги резимира граѓанските, политичките, економските, социјалните, здравствените и културните права на детето. Конвенцијата за правата на детето е усвоена од Генералното собрание на ООН во 1989 година, а на сила стапи на 2 септември, 1990 година. Конвенцијата ја резимира дефиницијата и според истата (Конвенцијата): „Дете е секое човечко суштество кое не наполнило осумнаесет години, доколку, врз основа на закон кој се однесува на детето, полнолетството не се стекнува порано“.

Конвенцијата содржи норми кои се засновани врз системот за правда врз децата.

Според Конвенцијата, државите се обврзуваат да обезбедат заштита на децата. Под поимот заштита подразбираме заштита на детето од сите форми на дискриминација, како и без оглед на расата, бојата на кожа, вероисповед, јазик, пол, политичко, национално, социјално или друго убедување, имотна состојба, раѓање или друг статус на детето, неговиот застапник, или пак, законски старател.

Во таканаречената современо општество постојат земји во светот во кои има деца кои живеат во многу тешки услови и на истите им е потребна посебна грижа и нега. Истиот случај не е помалку важен, ниту пак, исклучок кај нас. Живееме во држава која се стреми кон повисок развој и истата има обврска за заштита и грижа на детето, која исто така е нужна за развитокот на детето, како и должностите на родителите кон децата[3]. Самиот чл.2 од Конвенцијата ни укажува за државите потписнички и нивната должност да ги почитуваат правата, содржани во Конвенцијата, на секое дете без никава дискриминација.

[3] Конвенција за правата на детето од 1989 година
Член 2
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА КАЗНЕНО ПРАВО

Законот за правдата за децата зафаќа комплексна примена, па според неговата природа, претставува мал Кодекс на правда за децата и тие права се утврдени со Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни конвенции за човекови слободи и права.

„Меѓутоа, при постоење на правна празнина, конфузија, недореченост или колизија со одредба од Конвенцијата[4] за правата на детето или други конвенции, судот и другите државни органи се должни да ја применуваат соодветната одредба на Меѓународната конвенција, ако истата може да уреди определена правна ситуација и може да се примени на конкретниот случај.

Кривичниот Законик од 1947 година, како деца (малолетници) ги третираше сторителите на кривични дела на возраст од 14 години до 18 години, поделни во две категории:

1. Казнено одговорни и
2. Казнено неодговорни

На казнено одговорните на првата група им се изрекуваа казни (освен смртната казна), додека на втората група, односно казнено неодговорните им се изрекуваа воспитни мерки.

Постарите малолетници се сметаа за казнено одговорни и им се изрекуваше казна за казнени дела за кои беше пропишана казна затвор над пет (5) години, а додека за полесните дела, им се изрекуваше воспитно-поправна мерка или упатување во восипитно-поправен дом.

„Кај воспитните мерки, односно при изборот на воспитна мерка, судот најчесто поаѓа од личноста на малолетникот и потребата од неговото воспитување“.

[4] Конвенција за детски права на ООН (20 ноември 1989г.).

ТОЛКУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА

Според ЗПД од 2013 година[5], се заокружува системот на правда за децата. Истиот овој закон е втемелен со претходниот Закон за малолетничка правда.[6] Суштински овие два закони многу не се разликуваат, односно во поранешниот закон изразот „малолетник“ ЗПД го заменува со „дете“. Со Законот се унапредени начелата, а поимот „ризик“ е целосно дефиниран. Примената на овие закони имаат за цел да го оправдаат текот од кривичната постапка спрема децата. Главната цел од сѐ ова е превоспитувањето на детето, социјализацијата на детето и семејството, правилниот развиток и откривање на причините кои довеле до деликвентно однесување. [7] Согласно Законот за правда за децата во Република Македонија, во нашата држава тоа може да се карактеризира како конзистентен и кодификуван систем во смисла на метеријално правен и процесно правен третман за деца. Со овој закон се овозможува пристап кој е прилагодлив кон пристапувањето и природата, ризикот од повторување, траење на интервенциите, возраста на детето, ранливоста и неговата зрелост.

Начелата кои ќе ги сретенеме понатаму во Законот, ни укажуваат дека законот почива на најдобриот интерес за детето и неговата заштита, помош, грижа, воспитување и превоспитување и заштита на детето жртва на кривично дело.

[5] Законот за правда за децата од 2013 година (Сл. Весник на РСМ бр. 148/2013)
[6] Закон за малолетничка правда од 2007 година .
[7] Коментар на Законот за правда за децата со практикум.

IV. ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА

МЕРКИ НА ПОМОШ И ЗАШТИТА

Постапувањето со децата се темели на низа мерки на помош и заштита, кои нудат грижа, помош, заштита и поддршка, додека вистинските цели и содржини насоката ја осврнуваат кон унапредувањето и благостојбата на детето.

Развојот на детето, како психофизичкиот, така и емоционалниот,[8] се примарна цел во системот на казни. Правилниот избор и имплементација на мерката овозможува откривање на влијанието на девијантното однесување, како и создавање услови за прифатлив начин на живот, образование, правилен развој, раст, социјализираност итн.

Заштитата на децата[9] подразбира изнаоѓање на услови за живот кои овозможуваат нивен правилен физички, морален, ментален, социјален и емоционален развој, па затоа според прифаќањето на мерките на помош и заштита, содржани во документите на ООН и СЕ,[10] се подразбира целосно залагање, вклучувајќи го училиштето и воспитувањето што произлегува од него, потоа семејството како примарна гранка која се грижи за воспитувањето на децата, заедницата, социјалните служби коишто се залаагаат за понатамошно унапредување и благосостојба на детето и на неговото семејство.

Почитувањето на личноста и достоинството на самата личност[11], приватноста и интегритетот на детето означува отсуство од криминално дело или изречена кривична санкција, па затоа интервенцијата за избегнување на ризик факторите со обезбедување на услови за правилен живот на детето се исто така значајни за понатамошно унапредување и благосостојба на детето.

[8] Алексоски С,2010, Криминологија, Штип
[9] Бужаровска Г, Пајовик-Мишевска,2010 Мерките на помош и заштита според ЗМП.
[10] Советот на Европа
[11] https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/08/Studija-za-politikite-31.pdf

ИСКЛУЧУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ОВОЈ ЗАКОН

„Дете до 14-годишна возраст не подлежи на одредбите за кривична одговорност и истото може да се смета како дете во ризик, а не и како дете кое е во судир со Законот“.

Во Членот 20 од Законот[12] јасно се укажува дека на детето кое за време извршување на дејствието, дали тоа е прекршок или кривично дело според Закон, не наполнило 14 години, не може да се примени санкција која е утврдена со овој Закон.

Според ова можеме да заклучеме дека правдата за децата е во интерес на превенцијата, која се презема за настанатите дејствија. Па според тоа, казнувањето се извршува на деца кои достигнале определена возраст и според истото, се цени дали детето ги разбира последиците кои настанале со извршувањето, односно настанувањето на дејствието. Според тоа, законодавецот определил мерки на помош и заштита, со кои се оценува дека дете до 14-годишна возраст е дете во ризик и според тоа се пременуваат само мерки на помош и заштита.

Понатаму, во членот 21[13] имаме дете во ризик кое има наполнето над 14 години и според овој член, мерките на помош и заштита имаат примарно значење. Според ова, законодавецот им дал предност на мерките за помош и заштита и самиот законодавец овде оценил дека ефектот од мерките ќе има поголема мерка во интерес на детето и неговото семјство.

[12] Законот за правда за децата од 2013 година, чл. 20 „Спрема дете кое во време на извршување на дејствието, кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок , не наполнило 14 години, не може да се примени санкција утврдена со овој закон“.

[13] Член 21 од Законот за правда за децата. Спрема дете во ризик до 14 години и дете во ризик над 14 години се применуваат со закон предвидените мерки на помош и заштита, кои се од најдобар интерес за детето и неговото воспитување и развој.

Според Правилникот за содржината и формите на мерките на помош и заштита[14], секоја мерка на помош и заштита има своја примена за различна област, па според тоа мерките на помош и заштита во системот на социјалната заштита опфаќаат.

- Социјална превенција (развивање на самопомош, волонетрска работа и сл.);
- Вонинституционална заштита (сместување во згрижувачко семјство, помош на семејство или поединец, социјална заштита, обезбедување на здравствена заштита, упатување во советувалиште, давање правна помош, помош за стручно оспособување, помош за продолжување со школување и сл.);
- Теренска работа (интервенции и увид во домот, училиштето, здравството и сл.);
- Дневно и привремено згрижување како за поединец, така и за семејство;
- Обезбедување на лична документација;
- Институционална заштита (упатување и сместување во установа за социјална заштита или во воспитно-едукативна установа);
- Право на социјална или парична помош;
- Склучување брак;
- Вршење родителско право;
- Засновање на однос меѓу родители и деца (утврдување и оспорување на татковство);
- Нарушени односи и насилство во бракот или семејството (забрани за приближување, лица жртви на насилство, отстранување од домот и сл.);
- Посвојување;
- Старателство;
- Издржување;
- Мерките на помош и заштита од областа на правдата за децата;

Постапувањето со дете и малолетник во ризик вклучува: постапка за посредување и помирување, постапка за мерките на помош и заштита, привремено сместување или престојувалиште и известување на наделжниот судија за деца дека смејството или старателот не ја спроведуваат прграмата.

[14] Бужаровска Г., Пајовик-Мишевска (2010) Мерките на помош и заштита според ЗМП.

ВИДОВИ НА МЕРКИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА И ПРЕКРШОЦИ

Кога имаме дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, сторено од дете над 14-годишна возраст, може да му се изречат воспитни мерки.[15] Воспитните мерки се состојат од заштита и помош, стручно оспособување и развивање на лична одговорност на дете со судир во законот над 14-годишна возраст и мерките имаат за цел правилен развој на детето, негово воспитување и превоспитување.

Воспитните мерки се поделени во три групи и тие се:

- **Прва група:**[16] Укор или упатување во центар за деца. Оваа мерка се изрекува кога нема потреба од потрајна мерка на воспитување, особено ако дејствието предвидено како кривично дело е сторено од лекоумност или непромисленост .
- **Втората група мерки:**[17] Мерки на засилен надзор. Овие мерки се изрекуваат кога имаме потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување, а не е потребно одвојување од средината во која живее детето.
- **Трета група на мерки**:[18] Заводски мерки. Овие мерки се изрекуваат кога постои потреба од воспитување, превоспитување, лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина. Заводските мерки не може да траат подолго од 5 години, но најмногу до наполнети 23 години.

[15] Бужаровска Г, Пајовик-Мишевска, 2010, Мерките на помош и заштита според ЗМП.
[16] Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје, 2009, стр.18
[17] https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/08/Studija-za-politikite-31.pdf
[18] Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје, 2009, стр.20.

ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦАТА

ПОСТАПКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ОДВРАЌАЊЕ

Постапката за примена на мерките за одвраќање е насочена за откривање на вистинските причини кои предизвикале да дојде до недозволено однесување и укажува за откривање на сторените мотиви за стореното кривично дело.[19] Оваа постапка има за цел да оди во правец на откажување од гонење, прекинување на постапката за кривично дело и добивање на согласност од детето и од неговото семејство, односно соработка со семејството на детето.

Постапката за примена на мерките на одвраќање има облик на диверзионо постапување и диверзионото постапување е насочено кон откривање на причините и мотивите за стореното дело.

Целта на постапката е детето да го разбере стореното дело и да ги сфати последиците кои би можеле да настанат од стореното дело[20]. Ова значи дека со ваквата постапка реакцијата ќе биде насочена кон воспитување, превоспитување и нормална социјализација, а не директно санкционирање поради прекршување на определена законска норма (правило).

Меѓутоа главната цел на постапката за примена на мерките за одвраќање е да се создадат обврски на воспитување, превоспитување и социјализација не само за детето, туку и за неговото семејство, но не треба да се загрозуваат правата на оштетениот, односно на жртвата на кривичното дело.

[19] https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/08/Studija-za-politikite-31.pdf
[20] Приралник за правда за децата, УНИЦЕФ, 2014.

УСЛОВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА

Оваа постапка се поведува по пријава од МВР. [21] Ваквата пријава се однесува за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело сторено од страна на дете над 14-годишна возраст и за истото дејствие е пропишана казна затвор до три години или парична казна, освен ако ова дело не резултирало со смрт на некое лице.

Постапката за примена на мерките за одвраќање ја спроведува надлежен јавен обвинител и според настанатиот случај, може да биде донесена одлука за:

- Неповедување постапка поради целесообразност;

- Условно одлагање на гонењето;

- Неповедување постапка поради обештетување во ЦСР.

Неповедување постапка поради целесообразност означува да не се поведе постапка пред суд, иако затоа постојат докази дека детето над 14-годишна возраст сторило кривично дело. Јавниот обвинител е тој кој одлучува да не поведе постапка поради целесообразност и тогаш кога воспитната мерка е во тек.

Постапката условно одлагање на гонењето се состои од два комулативни услови и тоа:

1. Првиот услов е детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

2. Вториот услов е детето да ја надомести штетата или да ги поправи штетните последици предизвикани со сторување на делото.

Одлуката за неповедување на постапката спрема детето во ризик може да биде донесена на два начини:

- Првиот начин е кога јавниот обвинител добива сознание од ЦСР дали страните се спогодиле за обештетување и

[21] Министерство за внатрешни работи

- Вториот начин е ЈО да ги упати страните во ЦСР пред да пристапи кон одлучување на кој основ од мерките ќе бидат применети, во зависност од случајот и бара од ЦСР да ги повикаат страните и тие да се обидат да направат спогодба помеѓу нив. Откако ќе се одлучат за спогодба помеѓу семејството и детето од една срана и оштетениот од друга страна, тогаш јавниот обвинител оценува за запирање, односно дека нема потреба од водење на постапка, но доколку обидот за обештетување во ЦСР бил безуспешен, јавниот обвинител воопшто не ги повикува и тогаш започнува со поведување на подготвителна постапка.

ПОСТАПКА НА МЕДИЈАЦИЈА

Општо медијацијата претставува вид на алтернатива за рашевање на спорови[22]. Таквите спорови се решаваат по мирен пат со преговори на страните во спорот.[23] Ваквото решавање на спорот се врши во присуство на трета страна, односно медијатор. Медијаторот е должен спорот да го декларира со толеранција и разбирање и со донесување на решение кое ќе биде прифатено од двете страни.

Медијацијата кај децата има за цел, односно нејзината задача е да воспостави и да овозможи детето да сфати што сторило, како се чувствува жртвата, кои се последиците и какви повреди сторило со дејствието кое настанало, односно последиците што се претрпени. Медијацијата има за цел со помош на дијалог детето да сфати што сторило, кои се причините кои го предизвикале дејствието, кои се последиците од делото што настанало и сл.

„Примената на медијацијата во европските држави е значително зголемена со примената на Препораките за медијација во кривичните предмети. Со медијацијата се зголемува свеста за важноста на индивидуите во едно општество.“[24]

[22] Сотироски Љ., Гуркова О., Медијацијата во кривичните предмети, Штип, 2010, стр. 115
[23] Закон за медијација, 2006
[24] https://www.pravdiko.mk/shto-e-medijatsija-i-koja-e-nejzinata-tsel/

CMREC 11 (2008) е Препорака на Советот на Европа за европските правила за малолетниците. Европските држави имаат за цел да ја охрабрат и поттикнат примената на медијацијата во постапките со деца. Медијацијата се смета за метод на помирување на жртвата и сторителот на кривичното дело и со прифаќање на медијацијата сторителот на кривичното дело и жртвата се обврзуваат да изнајдат решение за постигнување на правда.

Оттука, можеме да сумираме дека главната задача на медијацијата е да ги заштити интресите на страните (се мисли на сторителот на кривичното дело и жртвата на кривичното дело), односно да ги разреши конфликтите кои се јавиле помеѓу нив и да постигне договор помеѓу жртвата и сторителот на кривичното дело. Целта на медијацијата[25] кај детето или децата е да се воспостави мировен дијалог помеѓу нив, да му се укаже на детето за да може да ги сфати последиците и причините на предизвиканото кривичното дело, да разбере и сфати дека со дејствието коешто го предизвикало сторило и повредило туѓи, односно други чувства. Оттука, може да резимираме дека ефектот што произлегува од медијацијата е сочувство на степенот на повредености кај жртвата, преиспитување и согледување на настанот од друга перспектива. Потребно е детето да согледа и да ја сфати својата грешка, да почувствува каење за стореното дело и да преземе одговорност, да се поправи и превоспита.

Медијацијата со својот тек ја охрабрува и ја поддржува жртвата да ги искаже страдањата, повредености, стравовите кои ги доживеала.[26] Медијацијата има за цел да поттикне взаемно разбирање за двете страни, односно за сторителот на кривичното дело да ги изнајде и искаже причините кои го навеле да го стори кривичното дело и жртвата да ги искаже своите стравови и загуби кои ги доживеала со сторувањето на кривичното дело.

Токму ова придонесува медијацијата сè повеќе и повеќе да се развива во обликот и процесот на соочување на жртвата со сторителот. Од особена важност е дека таа претставува облик на градење на нова рамнотежа во односите, помирување, извинување, каење, враќање на одземени предмети и слично.

[25] Нанев Л., Кошевалиска О., Бужаровска-Лажетик, Медијацијата во системот на малолетничка правда, 2012
[26] Закон за медијација, 2006

Организацијата, условите за постапката и основните начела на медијација се уредени со Законот за медијација. Овој закон претставува 'lex genealis' и се применува за сите прашања кои не се уредени со ЗПД.[27]

УСЛОВИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Начелата кои се применуваат во постапката на медијација се: начело на доверливост, начело на доброволност, начело на неутралност, начело на еднаквост, начело на исклучување на јавноста во медијацијата, начело на достапност на информации, начело на ефикасност и начело на правичност.[28] Накратко ќе ги резимираме начелата.

Начелото на доверливост се однесува на сите информации во медијацијата, со кои во постапката се гарантира дека ќе останат доверливи, освен ако страните поинаку не се договориле. *Начелото на доброволност* се однесува на доброволното прифаќање на страните во постапката на медијација со потпишување на писмена согласност. *Начелото на неутралност* означува постапување на медијаторот рамноправно и непристрасно со страните во постапката. Страните во постапката имаат еднакви можности. Јавноста во постапката за медијација е исклучена.[29] Постапката на медијацијата е економична, ефикасна и брза постапка. Страните имаат лесен и еднаков пристап и со медијацијата се гарантира правично постапување.

Медијацијата, односно постапката за медијација, согласно Законот за медијација[30] трае 60 дена, согласно ЗПП[31], ЗКП[32] и ЗПД[33] е во траење од 45 дена, но во праксата се покажало искуство и дека кога страните имаат желба за решавање на

[27] Закон за правда за децата.
[28] https://www.pravdiko.mk/raboti-koi-treba-da-gi-znaete-za-medijatsijata/

[29] Закон за медијација, 2006
[30] https://www.pravdiko.mk/medijatsija-za-detsa-vo-sudir-so-zakonot-uredena-so-zakon-za-pravda-za-detsata/
[31] Закон за парнична постапка
[32] Закон за кривична постапка
[33] Закон за правда за децата

спорот побрзо и во зависност од вештините на медијаторот, тогаш постапката се завршувала и со 3-4 (три до четири) средби.

Погоре напоменавме дека медијацијата е постапка којашто подразбира посредување и по мировен пат решавање на спорниот однос помеѓу детето и жртвата на кривичното дело и има за цел изнаоѓање на решение кое е заедничко за страните. [34]

Страните во оваа постапка се детето кое е во судир со Законот, неговото семејство, односно родителот, стартелот или ЦСР, бранителот на детето и оштетениот. Спроведувањето на постапката за медијација може да биде по иницијатива на јавниот обвинител и оценатa дека спорот може да се реши по пат на медијација може да ја изврши и судијата за деца во фаза кога е веќе започната кривична постапка спрема дете кое е во судир со законот. Судијата ги упатува страните на медијација само откако ќе добие писмена согласност во определен рок. По добивање на согласноста до завршувањето на главниот претрес, судијата донесува решение дека постапката се прекинува и страните се упатуваат на медијација.

[34] Закон за медијација, Службен весник на Република Северна Македонија, 2006

ЗАПОЧНУВАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА НА МЕДИЈАЦИЈА

Започнувањето на медијацијата е кога страните во спорот во писмена форма се согласиле дека ќе учествуваат во постапката на медијацијата. Оттука, првата задача на медијаторот е во договор со страните да определи термин за водење на медијација. Потоа во рок од (7) седум дена по добивањето на поканата за медијација, поканетата страна се јавува на средба со медијаторот или на заедничка средба со медијаторот и страната која ја упатила поканата за медијација. Доколку на средбата една од страните не е согласна спорот да се решава во постапка на медијација, истото писмено го потврдува. Ако страната која ја поканила друга страна на медијација не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација најдоцна во рок од 15 дена од денот на испраќањето на поканата или во друг пократок рок кој е утврден со поканата, се смета дека предлогот за поведување на постапка на медијација не е прифатен. Страните спогодбено определуваат дали постапката за медијација ќе ја води еден или повеќе медијатори и спогодбено ги избираат лицата кои ќе бидат медијатори од ИМ. [35]

Текот на медијацијата, односно нејзиното спроведување е во канцеларијата на медијаторот, но исто така не е исклучена ни можноста средбите да се одржуваат во посебна просторија на судот. Медијаторот има должност да ги почитува начелата на медијацијата, кои погоре ги објаснивме, и правата задача на медијаторот е да ги запознае страните со начелата на медијацијата. Медијаторот има должност да покаже способност и видување на постапката.

Медијацијата обично поминива низ четири фази и тоа:

I. Фаза е сведена на **Монолог** - Ова означува дека секоја страна има право да го произнесе своето видување на состојбата.

II. Фаза е **Дијалог** - Дијалогот означува почитување и сослушување на аргументите и фактите приложени од страните во постапката. Секоја страна има право на давање одговор, изјаснување за ситуацијата, изнесување ставови и мислења.

[35] Именик на медијатори.

III. Фаза е **Компромис** - Компромисот означува постигнување на спогодба помеѓу две или повеќе страни. Тоа значи наоѓање на заедничко прифатливо решение. Страните треба да бидат флексибилни за да се достигне заедничко прифатливо решение.

IV. Фаза е **Спогодбата** - Спогодбата претставува документ со кој се обновуваат нарушените односи. Со негово потпишување страните се откажуваат од правото да поведат судска постапка за истиот спор.

Последната фаза или четвртата фаза од постапката на медијацијата ни укажува на тоа дали медијацијата е успешна или е неуспешна. Успешната медијација завршува успешно кога страните и медијаторот ќе склучат писмена спогодба, а потоа следува оцена на спогодбата, која се испраќа на одобрување (процена) во судот. Неуспешна медијација, која исто така ја имаме во праксата, се случува во случај кога не биле одржувани закажаните средби и тогаш медијаторот ова го оценува како непродуктивно и бесцелно и истиот оценува дека нема место за изнаоѓање на заедничко прифатливо решение. Во ваков случај медијаторот има должност да достави писмена изјава до органот кои ги упатил страните на медијација и истото се смета за завршена медијација со денот на поднесувањето на изјавата од страна на медијаторот.

ТЕК НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦА

Против дете кое сторило дејствие, што со закон е предвидено како кривично дело, се применуваат одредбите од Законот за кривична постапка и Законот за прекршоци.[36] Кога во постапката спрема деца се утврдува дека детето за време на извршување на дејствието, кое со закон е предвидено како кривично дело, не наполнило 14 години, тогаш постапката се запира и за тоа се известува Центарот, којшто ја презема и спроведува понатамошната постапка.

Поведувањето на постапката започнува согласно начелото на официјалност.[37] На дете кое сторило кривично дело и е над 14-годишна возраст постапката се поведува само по барање на јавниот обвинител. Според тоа, кривичната постапка спрема дете кое сторило кривично дело не може да се поведе по иницијатива на супсидијарен тужител или приватен тужител, односно според Законот обврска и должност има јавниот обвинител. Сепак, ова решение не ја исклучува можноста од гонење поради кривично дело, кое се гони по приватна кривична тужба, со тоа што приватниот тужител може да поднесе предлог до јавниот обвинител и тој да го преземе гонењето. Во оваа смисла, односно со ваквото решение, јавниот обвинител се јавува во улога на овластен тужител и за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои се гони по предлог, односно приватна тужба.

Оштетениот во рок од три месеци од осознавањето за сторено дело доставува предлог за поведување на постапката до надлежниот јавен обвинител. Потоа јавниот обвинител го оценува предлогот и одлучува по него дали ќе поднесе барање за поведување на постапка спрема детето. Ако јавниот обвинител се одлучи да не достави барање за поведување на постапката спрема дете, за неговата одлука е должен да го извести оштетениот. Потоа оштетениот нема право на поднесување на приватна кривична тужба, односно не може да ја преземе постапката, туку има право во рок од осум дена по известувањето од страна на јавниот обвинител да бара Советот за деца на

[36] Види Нанев Л., 2003, Положбата на детето во кривичната постапка, стр.91-97
[37] Нанев Л., 2003, Положбата на детето во кривичната постапка, стр. 42

надлежниот суд да одлучи за поведување постапка. Доколку обвинителот одлучи да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка, јавниот обвинител има обврска и должност да го сослуша детето во присуство на неговите родители, односно неговите старатели и бранителот, освен во случај кога неговата психичка состојба тоа не го дозволува.

Родителите на детето или неговите старатели имаат право да ангажираат свој бранител – адвокат , а доколку не го сторат тоа родителите, односно старателот на детето, јавниот обвинител по службена должност од листата на адвокати од Адвокатската комора на Република Северна Македонија ќе му постави бранител – адвокат. Трошоците паѓаат врз товар на родителите, односно старателите, а доколку истите немаат, односно не се во можност за плаќање на адвокатските услуги, тогаш тие паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.

ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕТЕ

1. Барање и одлучување
2. Преземање процесни дејствија
3. Преглед на дете
4. Определување на мерки за привремено сместување или надзор
5. Запирање на постапката во фаза на подготвителна постапка
6. Завршување на подготвителната постапка

1. **Барање и одлучување на постапката спрема дете**[38] **-** Прв и задолжителен стадиум на кривичната постапка спрема дете е подготвителната постапка. Главната цел на оваа постапка е утврдување на фактите кои се однесуваат на стореното кривично дело и на личноста/карактерот на детето. Подготвителната постапка се поведува по барање на јавниот обвинител, а одлуката за нејзиното започнување зависи од оценувањето на судот. Подготвителната постапка се води од страна на судијата за деца во надлежниот суд. Ако судијата го оцени основано барањето на јавниот обвинтел, не донесува формално решение, туку пристапува кон спроведување на подготвителната постапка, и доколку судијата не се согласи со барањето на јавниот обвинител, ќе побара за тоа да одлучи Кривичниот совет за деца на основниот суд.
2. **Преземање процесни дејствија** - Во оваа постапка се преземаат процесни дејствија кои имаат одредени специфичности, водејќи се согласно ЗКП[39]. Оваа постапка опфаќа прибирање на факти и докази поврзани со дејствието што го чинат обележјето на кривичното дело, односно кои дејствија ќе бидат преземени и утврдување на начинот на сторувањето.
3. **Преглед на детето** - Ова означува дека утврдувањето на здравствената состојба на детето, на неговата психа и душевен развој, потребно е да

[38] Нанев Л., 2003, Положбата на детето во кривичната постапка, стр.39
[39] Закон за кривична постапка

биде извршено од старана на стручен тим, кој го сочинуваат: лекар, психолог и педагог.

4. **Опредлување мерки за привремено сместување или надзор -** Оваа мерка означува дека во текот на подготвителната постапка заради давање на помош и заштита, судијата за деца може да определи детето привремено да биде сместено во установа за образование, грижа и заштита на деца, односно да се стави под надзор на Центарот за социјални работи, или пак, да се згрижи и смести во згрижувачко или друго семејство.
5. **Запирање на постапката во фаза на подготвителна постапка** – Во праксата постојат и вакви случаи кога судијата за деца во текот на подготвителната постапка ќе утврди дека постојат причини за запирање на постапката. Таквите прични може да бидат ако:

- Делото што се става на товар на детето не е дејствие што со закон е предвидено како кривично дело;
- Настапила застареност, или пак, детето е опфатено со акт на амнестија или помилување;
- Постојат други околности кои го исклучуваат гонењето;
- Ако нема докази дека детето го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело.

6. **Завршување на подготвителната постапка** – Завршувањето на оваа постапка не завршува со донесена формална одлука од страна на судијата за деца, туку судијата за деца како **„dominus litis“** кога ќе оцени дека од овој стадиум е постигната целта, ги доставува списите до јавниот обвинител. Откако јавниот обвинител ќе ги прими списите од предметот од судијата за деца, има право во рок од осум дена да преземе некое од следниве образложени дејствија:

- **Да бара дополнување на подготвителната постапка** – Ова значи дека ако тој смета дека некое од дејствијата, на пример, возраста на детететo, околности за неговата личност и слично, не се доволно образложени односно разјаснети, јавниот обвинител има право да бара дополнување на подготвителната постапка.
- **Да даде изјава за откажување од натамошно гонење**, по што судијата за деца потоа треба да донесе решение за запирање на постапката. Ова

решение и погоре споменавме дека оштетениот има право во рок од осум дена да достави предлог до кривичниот Совет за деца за продолжување на постапката.

- **Да стави образложен предлог до Советот за деца за примнување на санкција.**

ПРАВНИ ЛЕКОВИ

ЖАЛБАТА КАКО РЕДОВЕН ПРАВЕН ЛЕК

Кога сме кај правните лекови, жалбата е единствениот редовен правен лек со кој се побива одлуката на Советот за деца.[40] Кога имаме кривична постапка спрема децата, жалбата може да се поднесе поради сите основи предвидени за побивање на судските одлуки во Законот за кривична постапка.

Според Законот за правда за децата, одредбата односно членот 411 од ЗКП[41] се однесува на субјектите кои можат да поднесат жалба, па согласно овој член 411 од Законот за кривична постапка, субјекти кои можат да поднесат жалба се:

- Странките, бранителот, законскиот застапник на детето и оштетениот;
- Јавниот обвинител, брачниот, односно вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, старател, братот, сестрата, бранителот, може да поднесат жалба во корист на детето, но и против неговата волја;
- Оштетениот може да изјави жалба само во однос на имотно-правното барање.

Жалбата има суспензивно и деволутивно дејство.[42] Исклучок е суспензивното дејство на жалбата против решението, со кое се изрекува воспитна мерка која се издржува во установа, при што жалбата го задржува извршувањето на решението, освен ако судот, во согласност со родителите на детето, односно старателите на детето и по сослушувањето на детето, поинаку не одлучи. Рокот за поднесување на жалба е осум дена од приемот на решението, односно пресудата.

[40] Бужаровска Г., Пајовик- Мишевска С., 2010, Мерките на помош и заштита според ЗМП.
[41] Закон за кривична постапка, член 411
[42] Спогодување и медијација, Македонска ревија за казнено право и криминологија, стр. 210-260

ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Кога сме кај вонредните правни лекови, во постапката спрема деца се применуваат одредбите од Законот за кривична постапка, па според тоа, се вбројуваат следниве вонредни правни лекови:

- Барање за заштита на законитоста;
- Повторување на кривичната постапка завршена со правосилна пресуда;
- Повторување на кривичната постапка завршена со решение за примена на воспитна мерка;
- Повторување на кривичната постапка завршена со решение за запирање на постапката спрема дете.

ФАКТОРИ, ЕТИОЛОГИЈА И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

ФАКТОРИ ЗА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

Општествените промени и тешкотиии[43] со кои се соочуваме секојдневно во животот, се вкоренети во личноста на еден човек, а таквите причини го предизвикуваат детското престапништво.[44] Тешкотиите на една млада личност да се запознае со вистинските вредности за себе, замопознавање, развој на личност, телеранција, разбирање, самопочит и став кон самиот себе, доведуваат до причини кои се фатални и загрозуваат некој друг невин живот. Таквите грешки кои ги правиме со самите себе, непочитувањето врз самите себе и непослушноста кон

[43] https://www.mtsp.gov.mk/prava-od-detska-zashtita.nspx
[44] Види Нанев Л., 2003, Положбата на детето во кривичната постапка, стр 81.

хуманоста, односно во чинење на доброто и привлекување кон истото, предизвикуваме грешки и со тоа загрозуваме и нечии други животи.

Општоприфатени причини за детското престапништво ги опфаќаат: општествено-економските и социјалните опкружувања, промени во општествените односи, социјална несигурност, сиромаштија, невработеност, постоење на неможност за усовршување, образование, посегнување по дроги, алкохол и други недозволени штетни супстанции, што можат да причинат сторување на кривично дело.[45]

Овие фактори на ризик сами по себе не се причина за детско престапништво, но истите во комбинација со други фактори, го предизвикуваат детското престапништво. [46]

Факторите на ризик може да се наоѓаат во самата индивидуа, или пак, во околината во која живее, средината околку него, семејните односи, пријателски односи и слично, па оттука може да резимираме дека причините за појава на детско престапништво може да се поделат на две групи:

1. Надворешни фактори – егзогени
2. Внатрешни фактори – ендогени.

[45] Национална стратегја за превенција на малолетничко престапништво во Република Северна Македонија (2010-2020) Државен совет за превенција на мелолетничкото престапништво, декември, 2010, стр. 8

[46] Бужаровска Г., Пајовик-Мишевска С., 2010, Мерките на помош и заштита според ЗМП.

ЕГЗОГЕНИ – НАДВОРЕШНИ ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

СИРОМАШТИЈАТА КАКО РИЗИК ФАКОР

Ако во најранливите - млади детски денови детето и неговото семејство живееле во сиромаштија, соочувањето со сиромаштијата е фактор број еден за подоцнежното однесување на детето. Секој од нас во одреден дел од животот може да се соочил со сиромаштија во семејството (сиромаштијата не претставува само гладен стомак, понекогаш се одразува и на емоционалните чувства - недостаток).[47] Според истражувањата кои ги пронајдов, можам да кажам дека не сите деца од сиромашните семејства подоцна манифестираат проблематични и криминални однесувања[48]. Според ваквите истражувања, можеме да заклучиме дека сиромаштијата не мора да значи појава за девијантно проблематично однесување, но најчесто во истражувањата на девијантното однесување на децата, гледаме дека токму сиромаштијата е фактор за проблематичното однесување на децата.

Кога во едно семејство недостасуваат основните услови за пристоен и нормален живот, на пример, глад и недостиг на храна уште во најрана возраст на децата, неможност за образование како другите врсници, слабо здравје и неможност за лекување и слично, тоа доведува до проблематично однесување и детето расте со притисок и страв од сиромаштија, по што започнува со однесување кое може да причини штета на невини трети лица.

Ако ја земеме за пример нашата држава, ќе се соочиме со ваков проблем кој е секојдневен во нашиве животи, т.е. во Македонија, според тоа што секојдневно го слушаме на вести, читаме на социјалните мрежи и слично, можеме да кажеме дека

[47] Бужаровска Г., Пајовик-Мишевска С., 2010, Мерките на помош и заштита, според ЗМП.
[48] HM Treasury (2008). Ending child Poverty.Everybody's Business.LondonCrown, http:/www.hm-trasury.gov.uk/media/3F/bud08_childpoverty_131.pdf

генерално имаме високо ниво на сиромаштија. Постојано се соочуваме со сиромаштија и неможност да си дозволиме нешто што го сакаме, невработеност и напуштање од работа на нашите родители, или пак и покрај тоа што сме вработени, сиромаштијата е повторно на високо ниво бидејќи примањата се премногу ниски. До ова доведува и постојаното зголемување на цените на производите, сметките и слично, па повторно тоа нè доведува до недостиг на финансии и сиромаштија.[49]

Горенаведениот пример за состојбата во нашава земја кај децата, помладите, па и постарите предизвикува тензија, стрес и друго, што негативно влијае врз младите и тогаш децата се однесуваат девијантно, односно причинуваат штета и опасност врз животот на другите.

[49] https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/deca-izlozeni-na-rizik-moze-da-stanat-nevidliva-zrtva-na-pandemijata

СЕМЕЈСТВОТО КАКО РИЗИК ФАКТОР

Семејството е гранка во која детето се раѓа и развива и истото семејство, односно потесното семејство, родителите на детето, се должни да му обезбедат правилен раст и развој на детето, овозможувајќи му образование, воспитувајќи го и овозможувајќи му социјализација. [50]

Семејството е должно на детето да му овозможи хармоничен дом, исполнет со љубов, топлина, психичка, социјална и морална зрелост, како и финансиски средства. [51] Во денешно време се соочуваме со проблем, односно семејството трпи промени,[52] па така модерното семјство има карактеристика на плуралистичко семејство, односно има изменети односи помегу родителите, родови партнери и поделени родителски функции.[53]

Денес живееме во ера на современи семејства. Современите родители најчесто ја избегнуваат најважната улога, а тоа е воспитувањето или воспитната функција. [54] Семејството е креатор на животот на детето, односно какво дете ќе креира семејството, дали ќе го заштитува, воспитува, ќе го учи на љубов, добрина, среќа и благосостојба, или пак, ќе расте во дисфункционално семејство.

Дисфункционалното семејство како ризик фактор во општеството е семејство кое не ги исполнува обврските спрема децата, без пружање грижа, љубов и заштита на децата.

Децата на разведени родители, децата со самохрани родители и оние без родителска грижа најчесто се впуштаат во девијантно однесување или престапништво. Како пример ќе го земам податокот за разведени бракови, односно распаднати семејства во Република Северна Македонија во периодот од 2008 до 2013 година, каде

[50] Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје, 2009, стр. 8
[51] Проф.д-р Олга Мурџева-Шкариќ, Психологија на детството и на адолесенцијата, Развојна психологија, Филозофски Факултет, Скопје, 2009, стр. 174-175.
[52] Бужаровска Г., Пајовик - Мишевска С., 2010, Мерките на помош и заштита според ЗМП.
[53] Дејан Мицковик, Семејството во Европа XVI-XXI век, Културна установа „Блесок“, Скопје, 2008
[54] Ferrington and Welsh, 2007.

што бројот на разводи имал пораст до 60 %,[55] додека пак за периодот до 2019 година достигнал бројка од 1990[56] разведени бракови.

Оттука ќе заклучиме дека семејството е највлијателниот фактор за развојот на детето. Здравото семејство, односно добрите семејни односи се фактор за развивање на добра, хумана и здрава личност (детето).

ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО РИЗИК ФАКТОР

Образованието е следниот ризик фактор во животот на секое дете. Најчесто, како и претходните фактори кои ги напоменавме претходно, и образованието може да има негативен ефект кај детето. Образованието пред сè претставува социјализација, односно преку училиштата, градинките самото дете се развива и се гради во зрела личност.

Најчесто негативното влијание од овој ризик фактор е поврзан со претходните фактори, кои ги споменавме погоре,[57] односно кога детето живее во хармонично семејство, опкружено со љубов, среќа, исполнетост на нормален живот, со финансиска состојба доволна за скромно поминат ден, тогаш образованието не би било ризик фактор за таквите деца, но кога сето ова споменато се преобрази во негативна смисла, односно детето живее во семејство со нарушени семјни односи, нема грижа, љубов и внимание од родителите, се соочило со сиромаштија уште во најраните години, трпело глад, студ, беда и слично, тогаш кај истото дете може да се појави криминално, односно проблематично однесување. Со сето тоа не само што се загрозува образовниот систем, туку и претставува закана за околината, училиштето и образованието воопшто.

[55] Публикација Македонија во бројки
[56] http://www.stat.gov.mk/publikacii/2020/Makedonija%20vo%20brojki-2020-web.pdf

[57] Ефикасност на мерките, УНИЦЕФ, 2004.

ВРСНИЦИТЕ И СОСЕДСТВОТО КАКО РИЗИК ФАКТОР

Развивањето на детето во правилна, здрава, силна и личност со самодоверба најчесто се случува во средните години на детството, односно се мисли на периодот помегу 7 до 12 години. Средното детство или средните години, најчесто можат да бидат позитивни, но исто така можат да бидат и негативен ризик фактор. Адаптацијата на врсниците, средината во која се движи детето, соседството и слично се ништо повеќе, туку само степен на култура или не(култура).

Позитивната страна на влијанието на врсниците и соседството е учењето, играњето, прифаќањето во групата во која се наоѓаат, спортски игри, дружби, емоционален и социјализирачки развој, додека пак негативните последици може да бидат: одбивност кон некого, неприфаќање, манипулација, насилнички односи и деликвентност.

V. ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Поимот дете жртва во кривичната постапка за првпат се појавува со Законот за малолетничка правда. Со овој закон оваа материја постојано се надополнува и надоградува.

Според Препораката Rec (2006) 8 на Комитетот на министри на СЕ[58] за помош на децата жртви на кривични дела и криминал, поимот жртва го претставува секое физичко лице кое претрпело некаво зло, вклучувајќи психичко и ментално нарашување, емоционално страдање или парична загуба, предизвикани со сторување или несторување (пропуштање), кое го крши кривичниот закон на државата членка".

Кај терминот жртва исто така се опфатени и потесните членови на семејството на жртвата. [59]

Во нашето домашно законодавство терминот „жртва" се користи во Кривичниот законик и во Законот за кривична постапка, односно „под жртва се подразбира лице кое претрпело штета, физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права, како последица на сторено кривично дело".

Во Конвенцијата за права на детето[60] се пропишува дека државата има обврска да ги преземе сите мерки кои се соодветни за физичкото и психичкото закрепнување на детето кое било жртва на некој облик на злоупотреба, занемарување, мачење, или пак, друг облик на свирепо, нехумано или понижувачко постапување или казнување.

Ова подразбира дека секој вид на насилство, злоупотреба или загрозување на псхичкиот и физичкиот интегритет на детето се повреда на едно од основните човекови права, а тоа е правото на живот, развој и опстанок.

[58] Советот на Европа
[59]https://www.who.int/violence_injury_prevention/violence/world_report/factsheets/en/childabuse_mac.pdf?ua=1
[60] Конвенција за права на детето, член 39

Факт е дека децата жртви и сведоци во кривичната постапка се деца на кои им треба посебна грижа, нега и заштита, која ќе им одговара на нивната возраст, зрелост и потреби, без разлика од кој облик се кривичните дела, односно дали тоа е сексуална експлоатација, трговија со деца и други облици на организиран криминал, каде истите тие деца се и единствените сведоци во постапката. Веќе погоре наведовме дека според Законот за правда на децата,[61] дете жртва е секое дете на возраст до 18 години, кое претрпело некаква штета, независно дали е физичка или ментална, страдање, загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

ПРАВА НА ДЕТЕТО ЖРТВА

Децата кои се жртви на кривични дела, независно од кој ризик фактор било строено кривичното дело, подлежат на права кои истите ги имаат.[62] Тие права накратко ќе ги резимираме:

Најпрво тоа е Правото на почитување на достоинството на детето жртва.[63] Ова право ни укажува на почитување спрема чувствата, достоинството и вредноста на детето, кои се засновани со погоренаведеното право на живот. Тоа значи дека секое човечко битие е родено слободно и еднакво во достоинството и правата. Па според ова право, секое дете уште од самото раѓање мора да биде почитувано и заштитено во целиот процес на развивање.

Второто право е Правото на почитување и забраната за дискриминација.[64] Сите ние во некој дел од нашиот живот сме се соочиле со некаков вид или облик на дискриманација врз нас, независно од тоа дали сме бие жртви или сведоци на таков чин.

Според постапката која се води, судијата има должност да ги презема сите мерки за обезбедување на заштита на детето жртва на кривично дело и сè со цел

[61] Закон за правда за децата, член 19.
[62] Кривично постапување спрема децата во ризик и во судир со законот, стр. 256.
[63] Член 145 став 1, точка 1 од ЗПД.
[64] https://www.sos.org.mk/images/stories/2104/analiza_za_soc_sostojba.pdf

спречување на обликот на дискриминација и негова злоупотреба, без оглед на тоа каде е настанато кривичното дело, колкава е неговата тежина, времетраењето и слично. Ова укажува на тоа дека судот и другите институции, имаат должност да ги почитуваат правата на детето жртва, без разлика на полот, расата, етничката припадност, бојата на кожата, религијата, јазикот, возраста, здравствената состојба, државјанството и друго.[65] Ова значи дека процесот треба да презема заштита на децата жртви, давање на поддршка и покажување на чувства спрема возраста на детето, разбирањето, желбите на детето, сексуалната ориентација, верското, јазично и друго потекло.

Од горенаведеното може да се заклучи дека децата жртви на кривични дела во ниту еден момент не треба да бидат дискриминирани или дискриминаторски, односно треба да се прилагодуваат на нив, и истовремено да се заштитат.

Следното право е Правото на користење на свој мајчин јазик. Ова значи дека и според Законот, во постапката со дете службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Меѓутоа ако имаме дете жртва кое е странски државјанин, лишено од слобода или притворено, има право да комуницира на свој мајчин јазик.

Следното право е Правото на приватност. Ова право ни укажува на заштита на приватноста на детето, но и на неговото семејство. Во постапките кога се суди на дете, јавноста е исклучена. Ова значи дека се почитува приватноста на детето и тоа е од примарна важност во нашето општество.

Во наредното право ќе се запознаеме со тоа дека детето има Право на учество, односно детето, неговите родители или старатели имаат право на учество во постапката.

Право на информираност. Ова право на детето жртва укажува дека истото и неговото семејство имаат право на благовремено известување за текот и напредокот на постапката.

Посебна заштита за безбедноста на детето. Детето заедно со неговото семејство имаат право на заштита, грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка. Доколку се случи спротивното, односно постои

[65] http://lastrada.org.mk/wp-content/uploads/2019/04/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D1%84%D0%BE%D0%BD%D0%B4-.pdf

ризик за безбедноста на детето, или пак неговото семејство, за истото органите се должни да преземат мерки на заштита и безбедност и да бидат заштитени од било каков облик кој укажува на постоење на ризик.

Право на обесштетување. Ова право на децата жртви значи дека секогаш кога е можно треба да прифатат да добијат обесштетување за да се оствари целосен надоместок, рехабилитација и реинтеграција. Ваковото право на обесштетување во постапките на кривични дела на деца жртви треба да бидат брзо достапни и чувствителни кон децата.

Посебна заштита од виктимизација. Секое дете има право на заштита, поддршка и стручна помош. Кога сме кај виктимизацијата, децата жртви или сведоци во кривичната постапка се посебно чувствителни во текот на повторна виктимизација или сторување на кривично дело.

Повторната виктимизација претставува ситуација кога истата личност, т.е. детето жртва или сведокот на кривично дело претрпува уште едно или повеќе од едно кривично дело за определен краток период на време. Ќе ја споменеме и секундарната виктимизација, која се јавува не како директна последица на кривичното дело, туку како одговор на институции или индивидуи на детето жртва.

Значи од сето горенаведено, ќе заклучиме дека детето жртва или сведокот треба да биде заштитено, третирано како личност, која има потреби, желби и чувства и на истото му е потребно секогаш да му се укаже помош на заштита, без разлика на која возраст е, дали е жртва или сведок на кривично дело со специфична тежина и слично.

ПОСЕБНИ ПРАВА И МЕРКИ НА ПРОЦЕСНА ЗАШТИТА

Во стадиум на постапката детето жртва или сведокот имаат право на посебна заштита и превенција.[66] При давањето на исказ на детето жртва или сведокот имаат посебни права и мерки на заштита, односно за остварување на процесна заштита на детето жртва или сведокот во кривичната постапка.

Во овој стадиум од постапката, судот има право да определи посебна мерка на заштита на детето жртва или сведок и тоа може да биде:

- потреба за посебна грижа или заштита;
- кога детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, како и на кривични дела против човечноста и други дела за кои со закон е утврдена казна затвор од над четири години.

Во оваа постапка судот има право да определи мерка за заштита и да го регистрира исказот со видео или тонски запис, што во натамошната постапка ќе служи како факт и доказ.

Како посебни мерки на процесната заштита при давање исказ, судот може да определи:

- прикривање на идентитетот на жртвата;
- давање исказ преку видеоконференција;
- отстранување на тогите и капите;
- користење на екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот;
- исклучување на јавноста;
- земање исказ преку посредство на стручно лице;
- видео и аудиозапис на исказот кој ќе се користи како доказ;
- видеозапис од распитот кој ќе се користи како доказ;
- заштита на приватноста на детето жртва и заштита на неговото семејство – родителите или старателите.

[66] Бужаровска Г, Пајовик – Мишевска, 2010, Мерките на помош и заштита според ЗМП.

ДЕЦА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Јавноста се исклучува во кривична постапка од страна на судот кога се репродуцира исказот од записот и распитот на детето жртва за сочувување и заштита на детето жртва, без да се нанесе штета на неговиот личен развој и на неговата личност. Кога детето жртва се сослушува во својство на сведок, а постапката ќе влијае штетно врз понатамошниот правилен развиток на детето жртва или сведокот, тогаш се применуваат посебни мерки на процесна заштита за детето жртва или сведок на кривичната постапка.

„Сведокот или детето жртва на трговија со луѓе, сексуална злоупотреба или насилство, односно дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела против човечноста, како и други дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела поради нивната природа и последица, го прават детето почувствително“. [67]

[67] Закон за правда за децата член 150 .

СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ И РЕЗОЛУЦИЈА 2004/27 – УПАТСТВА ЗА ПРАВОСУДНИТЕ ПРАШАЊА КОИ ВКЛУЧУВААТ ДЕЦА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Согласно Законот за заштита на сведоците[68], сведок е секое лице кое поседува важни информации за кривичното дело, односно за неговото извршување, за сторителот на кривичното дело и други неопходни и важни решавачки факти за докажувањето на кривичното дело. Со самиот исказ на сведокот, неговата личност, здравјето, интегритетот, слободата и благосостојбата се стаават во опасност, со што според закон истите се и заштитени.

Мерките за заштита се поделени на:

- обезбедување на лична заштита
- промена на живеалиште или престојувалиште
- промена на идентитет
- чување на тајност на идентитетот.

Мерката *Обезбедување на лична заштита* е физичка заштита на заштитеното лице сè со цел да се заштити, односно да се спречи загрозување на неговиот личен живот, здравје, слобода или имот од поголем обем.

Мерката *Промена на живеалиште или престојувалиште* претставува привремена промена на живелиштето, односно престојувалиштето на лицето кое го одредува Одделението.

Мерката *Промена на идентитет* е мерка која може да биде привремена делумна или целосна измена на личните податоци на заштитетното лице. Новиот идентитет на лицето по добивањето на истиот нема влијание врз статутните и другите права и обврски на заштитеното лице.

[68] Закон за заштита на сведоци, член 2, значење на изразите.

По завршувањето, односно по истекот на оваа мерка за промена на идентитетот, заштитеното лице, како што веќе напоменавме, може да се изјасни за задржување на новиот идентитет.

Мерката *Чување во тајност на идентитетот* претставува изработка и употреба на податоци во кои се променети личните податоци на заштитеното лице, и доколку има сопственост врз одреден имот што го поседува.

Во судскиот процес децата жртви и сведоци во кривичната постапка треба да бидат заштитени, третирани на начин исполнет со грижа и истовремено водејќи сметка за нивната личност, ситуација, возраст, зрелост и почитување на физичкиот, моралниот и ментален интегритет. [69] Стручњаците, односно застапниците на децата, кои им даваат поддршка во целиот судски процес, детето треба да го третираат според возраста, зрелоста, потребите и неговите чувства.

Според досега споманатото, да наведеме и дека децата жртви и сведоци во кривичната постапка треба да имаат пристап и правда која ќе ги штити од секаков облик на дискриминација, односно независно од тоа каква боја на кожата имаат, нивната раса, пол, јазик, политичко, етничко или општествено потекло.

Кога сме кај судските процеси на децата жртви и сведоците во кривичната постапка, стручнаците треба да бидат грижливи и чувствителни за нивната возраст, желбите, родот, сексуалната ориентација, културното, верското, јазичното или друго потекло. Стручнаците врз себе имаат голема одговорност кон споменатото и истите треба да бидат добро обучени за овие различности.

Во многу случаи ја имаме возраста на детето како пречка и истата не треба да подлежи на попреченост на учество во судкиот процес. Секое дете има право да биде третирано како способен сведок, сведочењето треба да биде веродостојно и валидно сè додека не се докаже спротивното и сè додека зрелоста, возраста и способноста на детето жртва или сведокот дозволуваат прифатливо веродостојно сведочење.

Приватноста на детето жртва и сведоците во кривичната постапка се од примарна важност за постапката и истите треба да бидат заштитени за секоја

[69] Процедури за постапување со дете жртва на кривично дело, 2014, УНИЦЕФ

информација што се однесува на учеството на детето сведок во судскиот процес.[70] Заштитувањето како на приватноста, така и на информациите, се постигнува со одржување на доверба во текот на целиот процес, а доколку се случи спротивното, односно тргне кон дознавање на личноста, интегритетот на сведокот, во тој случај се преземаат итни мерки за исклучување на јавноста, исклучување на медиумите од судницата во текот на сведочењето и слично. Според овие последични случувања, кои можат да настанат непредвидено или предвидено, стручњаците се тие кои треба да ги преземат сите итни мерки за спречување на дополнителните тешкотии кои паѓаат врз детето – сведокот. Преземањето на мерки на стручњаците обезбедува: поддршка на сведокот, следејќи го неговото учество во целиот судски процес, откривање на точноста на информациите кои сведокот ги дава, забрзано судење, освен ако одлагањето во тој момент е најдобро за интересот на детето, сведување на интервјуата на минимум, односно нивно ограничување и користење на просторија која е посебно дизајнирана за деца и слично.

Доколку се случи безбедноста на детето жртва и сведокот да бидат во ризик, неопходно е да се преземат сите потребни мерки и сите надлежни установи и институции да бидат известени за ризикот по безбедноста на детето жртва и сведокот. Стручњаците за да се справат со ризикот треба да бидат добро обучени и да ги препознаат и спречат заканувањата, штетите и другите последици кои се можни да настанат врз детето жртва и сведокот.

Кога имаме ваква ситуација, кога постои ризик за безбедноста на детето жртва и сведокот, тогаш постојат соодветни услови за заштита, односно мерки на заштита на безбедноста и тоа се:

- Одбегнување на контакт, односно директен контакт помеѓу детето жртва или сведокот со сторителот на кривичното дело во текот на целиот судски процес;
- Забрана за приближување;
- Наредување на притвор пред судење за обвинетиот и определување на специјални услови за кауција што подразбира принцип „без контакт“;
- Ставање на обвинетиот во притвор;

[7070] https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/04/TEMA-4-Detsata-vo-rizik-vo-dopir-i-konflikt-so-zakon.pdf

- Обезбедување на детето жртва и сведокот за заштита од полиција или друга релевантна агенција, доколку е можно и чување во тајност за да не биде откриено движењето на детето.

Во ваквте ситуации детето жртва и сведокот имаат право, односно кога е тоа можно, да добијат надомест на штета за целосно заздравување, реинтеграција и задоволување. Кога сме кај процедурата за добивање и спроведување на надомест на штата, таа треба да биде ориентирана кон детето. Кога оваа постапка е ориентирана кон детето и се почитуваат упатствата, надоместот на штета може да вклучи реституција од престапникот, наредена од кривичниот суд, помош од програмата за компензација на жртвите која ја води државата и надомест на штета, чие извршување е одлучено во граѓанска постапка. Ваквите процедури мора да бидат установени за да би обезбедиле извршување на одлуките за надомест на штета и наплата за надоместокот на штетата.

Покрај ваквите мерки, односно превентивни мерки за секое дете или за сите деца, треба да постојат и посебни стратегии за децата жртви и сведоци кои се чувствителни и имаат страв од повторна виктимизација (погоре наведовме што означува повторената виктимизација – повторување/сторување на кривичното дело). За несторување, односно да не дојде до повторување/сторување на повторна виктимизација, стручњаците треба да развијат и да применуваат посебни стратегии и инетрвенции само во случаите кога има опасност за детето жртва повторно да биде виктимизирано.

Упатствата за правосудните прашања се однесуваат на децата жртви и сведоците на кривичните дела. Упатствата имаат практична примена за постигнување на следните цели:

- „Обезбедување на упатства на стручната и научна јавност кога е потребно и на волонтерите кои исто така работат со децата жртви и сведоци, а кои се за развој на нивната дневна пракса во судскиот процес за деца и возрасни на национално, регионално и меѓународно ниво, а е во согласност со декларацијата за основните принципи на правда за жртвите на кривични дела и злоупотреба на моќта.

- Примена на поддршка во преиспитувањето на националните и домашните закони, практики и процедури за да би се обезбедило потполно почитување на детето жртва и сведок на кривично дело.
- Поддршка на владите, меѓународните организации и други заинтересирани страни во креирирањето и примената на законодавството, политиката, програмата и праксата кои одговараат на клучни прашања во врска со децата жртви и сведоци на кривичните дела.
- Помагање и поддршка на оние кои се грижат за децата и кои најчувствително се приближуваат во работата со децата жртви и сведоци на кривични дела.

Ќе резимираме дека за да се обезбеди правда за децата жртви и сведоци на кривичните дела мора да се почитуваат упатствата и тие ни укажуваат на почитување и на следниве начела: недискриминација, најдобар интерес, заштита, достоинство, усогласен развој и право на партципација.

Со примената на овие упатства, секој правосуден систем има обврска да обезбеди соодветна обука и методи кои би одговарале на потребите на децата жртви и сведоци во постапката. Со примената на овие упатства се прифаќаат начелата и не се дозволува можност за повторна виктимизација врз детето жртва или сведок, на пример, сексуален напад врз дете и слично.

ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

Треба да се работи на превенција за заштитата на децата малолетници, нивното воспитување, заштита од наркоманија, алкохолизам, тргување и друго.[71] Превенцијата претставува алатка за нивното адресирање, без разлика дали се појавува од општествен, социјален, економски или друг вид на фактор. Кога сме кај анализата за нивно спречување, тогаш е небитно дали тие прашања се однесуваат на самата индивидуа, на неговото семејство, или пак, на заедницата што ги опкружува.

Превенцијата сама по себе претставува пристап кој дозволува градење на стратегии за помош и превенција за спречување на детското престапништво. Таа има голема и значајна улога и истата има за цел да открие или да ги идентификува факторите коишто се појавиле и да доминира односно превентивно да ги реши.[72]

Според разгледуваните истражувања, ќе заклучиме дека превенцијата е поделена на: примарна, секундарна и терцијална превенција.[73] Накратко ќе дадам објаснување за истите.

ПРИМАРНА ПРЕВЕНЦИЈА

Примарната превенција јасно има за цел да се справува со условите во кои живеат децата и семејствата на децата. Примарната превенција има за цел да ги утврди основните прични и фактори за децата и тоа за децата уште пред да станат дел од системот на престапништвото. Главната цел на примарната превенција е да создаде заштитна средина за сите деца, пред сè тоа да биде безбедна средина, што подразбира и поддршка на децата и нивните семејства. Ова ни дава до знаење дека примарната превенција е од примарно значење и има голема улога во многу области: образование, социјализација во рамки на семејството, здравството, вработување, употреба на

[71] https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/05/Tema-14-Prevencija-na-detsko-prestapnistvo.pdf
[72] https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/05/Tema-14-Prevencija-na-detsko-prestapnistvo.pdf
[73] Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво во РМ (2010-2020), Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, декември, 2010, стр. 8

алкохол, дроги и други недозволени супстанции и слично, сè до обезбедување и намалување на ризик факторите за целото население и општество.

СЕКУНДАРНА ПРЕВЕНЦИЈА

Секундарната превенција се применува во случаи кај децата кои се во ризик да сторат кривично дело или сториле кривично дело, но не се кривично одговорни.[74] Овде, всушност, станува збор за рано откривање и идентификување на децата кои се во ризик.

Главната цел или задача на оваа превенција е да ги спречи децата кои тргнале по тој пат, односно веќе се на тој пат и истите им се познати на полицијата и на Центарот за социјални работи. Во преземање на оваа превенција најчесто се јавуваат: образованието, социјалната заштита – ЦСР, здравството, полицијата и локалната заедница.

ТЕРЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

Терцијалната превенција овозможува програми кои се однесуваат на децата и која дозволува детето да преземе своја одговорност за стореното кривично дело и последиците кои настанале од тоа дело, со тоа што ќе му помогне на истото да не го повтори, односно да не стори ново кривично дело.[75]

Терцијалната превенција поседува програми кои се од големо значење и имаат важна улога и обезбедуваат третмани за време на престојот во установите и продолжуваат пред и по неговото излегување.[76] Кај терцијалната превенција имаме и институти и тие институти се одвраќање и алетернативни мерки, особено заштитниот надзор кај условната осуда со заштитен надзор, општокорисната работа и медијација.

[74] Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво во Република Македонија (2010-2020), Државен совет за превенција на малолетничкото престпништво, декември, стр.18.
[75] Национална стрегија за превенција на малолетничкото престапништво во РМ (2010-2020), Државен совет за превеција на малолетничкото престапништвом, декември, стр.23.

[76] Национална стрегија за превенција на малолетничкото престапништво во РМ (2010-2020), Државен совет за превеција на малолетничкото престапништвом, декември, стр. 13.

VI. ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Република Северна Македонија заштитата на децата жртви на кривични дела во претходните години постојано се надградуваше и се правеа планови и анализи сè со цел заштита на децата кои се жртви на кривични дела. И покрај тоа, мерките, кои ги имаме и кои се применуваат, не се доволни за целосно и комплетно спречување на оваа појава. Денеска се наоѓаме во едно време наречено светска криза, со појавувањето на пандемијата **Ковид 19**. Оваа пандемија како во нашава земја, така и во светот зеде голем замав и ја зголеми сиромаштијата. Со зголемување на сиромаштијата се зголемија и семејните насилства, кои претставуваат тежок процес на решавање во ова време – невреме. Најголемите жртви од оваа пандемија, според мене, се децата. Без разлика на тоа колку и да е зголемена сиромаштијата, возрасните полесно би можеле да се справат со истата отколку децата. Најчесто ова предизвикува семејни насилства и истите најтешко влијаат врз децата. Нарушеното психичко, физичко и ментално здравје кај децата е потешко да се спречи. Секако ова не значи дека сето ова не влијае исто и кај повозрасните, односно родителите или старателите на децата, но справувањето со истото за децата е потежок случај.

Зголемувањето на сиромаштијата како последица од панедемијата најмногу се одрази врз семејствата кои веќе се соочуваа со тој проблем. Сиромаштијата се одрази како ризик фактор за сторување на кривични дела на децата, кои истовремено и дома најчесто се соочуваа со семејни насилства и терор. Оваа ситуација само дополнително ја зголеми веројатноста да се случуваат семејни насилства не само врз жените, туку и директно врз децата. Ако досега децата беа сведоци и очевидци на таквите дела, денес имаме зголемени ситуации и врешење терор врз самото дете, извршување на сексуален чин од страна на блиските, на пример родител или друг член кој спаѓа во потесното семејство на детето и слично.

Ваквите ситуации се зголемени поради психичката состојба во која се наоѓаме, губењето работа, потешкото справување со невработеноста и друго. Секако ова не претставува ни решение ни излез од ситуацијата во која сме, но заштитата и организациите и институциите исто така се во улога на давање на итна помош и изготвување на итни планови, стратегии и цели, сè со цел полесно справување и изнаоѓање на решение за проблемот.

Табела 1: Приказ на вработеноста од 2010 до 2020 година и приказ на население кое живее под линијата на сиромаштија од 2010 до 2020 година (изразено во проценти)

	Македонија 2010	Македонија 2015	Претпоставка национална стратегија за 2020 година [77]
Стапка на вработеност	41,1 %	55%	60%
Население што живее под линијата на сиромаштија	27,3 %	26%	21,5%

[77] Овие проценти во колонава се преземени и се претпоставени – претпоставка како национални цели за 2020 година

ВЛИЈАНИЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ

Влијанието на моменталната ситуација предизвика низа попреченост и неостварување на плановите во однос на заштитата на децата кои се жртви на кривични дела. Ако ја споредиме оваа година со претходните, ќе дојдеме до заклучок дека покрај возрасните, децата се најголемите жртви во оваа ситуација.[78] Оваа ситуација со која се соочуваме денес нè доведе до сиромаштија, односно сиромаштијата најмногу ги погоди децата кои потешко се справуваат. Покрај сиромаштијата, како ризик фактор кој кај одредени групи на деца причинуваше престапништва и деликвенција, денес семејното насилство е процентуално многу пати повеќе е зголемено во однос на претходните години и најголемите страдалници се децата жртви. Според едно истражување, бројката е зголемена за дури 10 % деца жртви. [79] Покрај семејното насилство, зголемен е бројот и на врсничко насилство помеѓу децата кои се наоѓаат под социјалната заштита.

Според истражувањата[80], како што веќе напоменавме, децата се најголемите жртви на пандемијата во нашата земја. Мерките од Владата на РСМ[81], запирањето и затварањето на училиштата, учењето од дома преку онлајн часови, адаптација на новиот систем на образование, адаптирање на ограниченото движење, претставуваа само причина плус за стерсни ситуации, кои ги опфаќаа не само децата, туку и возрасните, односно родителите или стрателите на таканаречените проблематични деца.

Од оваа студија ќе заклучиме дека ситуацијата во моментот е загрижувачка и ние сме тие кои треба да се грижиме за благостојбата на децата. Најголемата заштита истите треба да ја добијат од своите родители, а ова ни дава до знаење дека треба да се преземе поголема акција за заштита на децата жртви, истите да бидат згрижени и да им се овозможи третман кој ќе одговара на нивната зрелост и психа. Ова значи дека Центрите за социјална работа и другите заштитни служби треба да преземат поголема акција и мерки за спречување на делата, како насилство, експлоатација и злоупотреби на децата жртви, со што ќе се намали нивната застапеност.

[78] http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/09/Spravuvane-so-nasilstvo-vrz-zheni-i-semejno-nasiltvo-za-vreme-na-KOVID-19.pdf
[79] Канцеларија УНИЦЕФ, Скопје,за социјалните и економските ефекти од Ковид 19 врз децата во РСМ.
[80] https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf
[81] Влада на Република Северна Македонија

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ

Веќе подолго време со соочуваме со еден глобален проблем, а тоа е злоупотреба на децата. Овој проблем не само кај нас, туку и пошироко, длабоко е вкоренет во културните, социјалните и економските практики. Злоупотребата на децата претставува проблем насекаде во светот.[82] Појмовно општата дефиниција за злоупотреба на децата би ја дефинирале како форма во било кој вид и облик на физичко или емоционално злоупотребување, сексуално злоупотребување на деца или друга експлоатација, која предизвикува закана или штетна последица по здравјето на детето.

Насилството врз децата жртви и злоупотребите врз нив го нарушуваат и загрозуваат физичкиот, психичкиот и моралниот интегритет на детето – личноста, ги повредуваат основните права содржани во Конвенцијата за права на детето ратификувана од Република Македонија.[83] Од сите истаржувања и анализи можеме да заклучиме дека злоупотребата постои во секое ниво од животот, без разлика на култура, раса, образование, статус и друго. Конвенцијата за правата на детето е ратификуван меѓународен документ, кој детето го назначи како субјект и носител на голем број на права и обврски. Во Конвенцијата јасно е нагласено дека сите ние сме должни за заштитата на децата, грижа на семејствата, институциите и општеството во целина и таа грижа за децата треба да е постојана и квалитетна.

Постапувањето, откривањето и заштитата на децата жртви на кривични дела, веќе и претходно напоменавме, дека е комплексен процес кој бара внимание и време. [84] Кога веќе се јавува овој процес, или делото веќе е сторено, односно извршено, најважно од сè е да не се повтори, односно да се избегне секундарната виктимизација на децата. Според тоа, заштитата на децата жртви на кривични дела треба да биде приоритет, посебно затоа што нашата држава со Меѓународните конвенции се обврзува да ги презема мерките за спречување и да обезбеди заштита на децата жртви на кривични дела и злоупотреби.

[82] Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела ,Скопје 2009
[83] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/12/semejno-nasilstvo-vo-rm.pdf
[84] https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/05/Tema-14-Prevencija-na-detsko-prestapnistvo.pdf

ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општиот поим за семејно насилство е дефиниран како малтретирање, загрозување, навредување, телесно повредување, полово, сексуално или економско насилство, со кое се предизвикува страв и несигурност, вклучувајќи и закани спрема брачниот другар, родителите, семејството и децата. [85]

Жртвата, а најчесто тоа е детето, има право на правна помош, поддршка и заштита од семејно насилство,[86] како и право да биде информирана од надлежните органи за правата што ги овозможува државата, мерките на заштита и остварувањето на истите.[87] Во ваквите постапки на семејно насилство, каде што децата се најголемите жртви и сведоци на настанот, на лицата кои не се во состојба да се грижат сами за себе, им се овозможува остварување на права и услуги од социјална заштита, а по потреба и назначување на старател и ставање под старателство согласно Законот за семејство.

---

[85] https://www.aa.com.tr/mk/%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD/%D1%81%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D1%98%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%B0-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B6%D1%80%D1%82%D0%B2%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D1%98%D0%BD%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE/1205917

[86] https://www.dw.com/mk/%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B6%D1%80%D1%82%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D1%98%D0%BD%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE/a-51408290

[87] Закон за семејство

СУБЈЕКТИ КОИШТО ГИ СПРОВЕДУВААТ МЕРКИТЕ НА ЗАШТИТА

Мерки на Центарот за социјални работи

При ваквото известување до Центарот за социјални работи, истиот е должен веднаш да ја започне постапката и веднаш во рок од дваесет и четири часа да преземе мерки за заштита на жртвата.[88] Центарот по службена должност ја започнува постапката откако ќе добие сознание за семејното насилство врз жртвата.

Во случаите кога жртвата е дете, или пак, лице кое не може да се грижи за себе, Центарот по службена должност презема мерки за заштита, без разлика на тоа дали постои согласност од родителот или старателот на детето. Центарот има обврска да изврши проценка на потребите за заштита на жртвата, според видот, интезитетот, здравствениот статус на жртвата, нејзината возраст и други околности за преземањето мерки на заштита. Постојат и случаи каде што имаме сознание за загрозување на животот на жртвата или загрозување и опасност за членовите на жртвата, како и кога детето е жртва на семејно насилство. Во такви случаи се изготвуваат планови и стратегии за заштита од страна на стручен тим.

Мерки на Министерството за внатрешни работи

Полицискиот службеник во случаите кога ќе добие пријава за семејно насилство, има обврска да излезе на местото на настанот и да изготви полициски извештај веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот. Во случаите на семејно насилство, полицискиот службеник при преземање на полициските работи, секогаш има обврска за правење на проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата, како и ризикот од повторување на насилството, сè со цел жртвата да биде навремено заштитена.

Полицискиот службеник има должност за определен рок да го извести Центарот за социјални работи заради преземање на потребните мерки за заштита на жртвата.

[88] Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела , Скопје, 2009, поим за социјална работа, стр.26-36.

Мерки на здравствените установи

Здравствените установи имаат обврска и должност во случаите на семејно насилство веднаш да извршат медицински преглед и медицински третман на жртвата и според тоа да издадат медицинска документација. Истото важи и во случаите кога како жртва се јавува дете. За извршената медицинска услуга и прегледите, во овие ситуации жртвите се ослободени од плаќањето на трошоци.

Мерки на единиците на локалната самоуправа

Единиците на локалната самоуправа имаат должност да воспостават центри за згрижување, советувалишта за жртви и сторители на семејни насилства и други форми за згрижување и помош и заштита на жртвите.

Мерки на здруженијата

Здруженијата исто така во доменот за превенција и спречувања на семејни насилства имаат должност и обврска од областа на социјалната заштита да преземат мерки за заштита, самостојно или во соработка со Центарот за социјални работи.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДЕЦА МАЛОЛЕТНИЦИ КОИ БИЛЕ ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ – СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Табела 2: Кривични дела на малолетници во преиод од 2015 до 2019 година

	2015	2016	2017	2018	2019
ВКУПНО	772	587	578	642	679
Кривични дела против животот и телото	68	53	55	59	61
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	3	11	8	12	14
Кривични дела против честа и угледот	1	2	1	1	1
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	19	4	8	11	9
Кривични дела против здравјето на луѓето	20	7	15	13	26
Кривични дела против имотот	520	399	374	396	376
Кривични дела против општата сигурност на имотот и луѓето	4	4	9	11	9

Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	33	25	38	42	69
Кривични дела против правниот сообраќај	/	3	1	2	6
Кривични дела против јавниот ред	150	66	71	81	109

VI. КОМПАРАТИВНО ГЛЕДИШТЕ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРВИЧНИ ДЕЛА И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТПКА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во овој дел од трудот ќе обрнеме внимание на тоа какво е законодавството за заштита на децата жртви на кривични дела во Република Србија и ќе направиме споредба, т.е. компарација со нашата држава, кои се всушност сличностите и предностите што тие и ние заедно ги имаме во системот на правда. Концептот за правата на детето и неговата заштита започнал да се воведува во нормативниот систем на Република Србија некаде по 2000 година, преку целосна и делумна разработка во повеќе Закони кои биле повразани со децата, односно бил потврден со новиот Устав од 2006 година.

И кај нас се постапува против секој облик на злоупотреба, насилство или занемарување на децата, дали тоа е од страна на семејството со кое детето живее, или пак, училиштето во кое посетува настава. Сè она што го нарушува и загрозува менталниот, моралниот и физичкиот интегритет на личноста на детето, ги крши основните права на детето кои се содржани во Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето, а тие, како што и претходно наведовме, се: правото на живот, правото на опстанок и правото на правилен раст и развој. Во Република Србија со донесувањето на Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, се преземаат и се обврзани да преземат мерки за заштита на детето жртва, без оглед дали станува збор за семејно насилство, социјалното опкружување и слично. Во Конвенцијата се содржани следниве одредби за заштита на детето жртва: физичко и ментално насилство, злоупотреба и занемарување, сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација, киднапирање и трговија со деца, понижувачки и нехуман третман и казна. Во одредбата од членот 39 од Конвенцијата,[89] исто така како и во нашиот систем, е предвидено државата да обезбеди мерки за поддршка за физичкото и менталното закрепнување на детето жртва на насилство или кривично дело и негова социјална реинтеграција.

За да се заштитат децата жртви на кривични дела, потребно е да се направи реализација од злоупотребата и занемарувањето на детето и најважно да се воспостави систем што ќе делува превентивно во однос на спречувањето и заштитата и истовремено ќе овозможи брзо и координирано дејствување врз постапката за запирање и заштита, соодветна интервенција за закрепнување на детето жртва и понатамошен безбеден развој на детето.

Исто како и во наштата држава имаме предвид дека спречувањето и заштитата на децата жртви на кривични дела е тежок и сложен процес и е потребно да имаме

[89] Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, член 39.

воспоставено добра соработка со стручни лица и експерти од сите области кои работат со деца, како што веќе напоменавме, а тоа се: образованието, здравството, полицијата, социјалната заштита, судството и слично.

За да може овој пристап на сектори да функционира добро за заштита на децата, од суштинско значење е:

- Сите учесници да имаат јасна идеја и главна цел да им биде заштитата на децата жртви;
- Добро да ги познаваат нивните улоги и основните услоги на другите сектори, како и нивните професионални обврски во однос на тие улоги, а тоа се правила, ограничувања, начини на дејствување и слично:
- Да имаат добро знаење како да разменуваат информации и консултации, во и помеѓу секторите со соодветни пишани документи и повратни информации.

Ова се должи на фактот дека претходните искуства и истражувања во нашето опкружување укажуваат на тоа дека главните пречки за поефикасна заштита на децата се недоволно јасни чекори во процесот на заштита на децата жртви на кривични дела. Националниот план за акција за деца, стратешки документ кој бил усвоен во 2004 година од Владата на Република Србија, ја претставува, односно ја дефинира општата политика на земјата кон децата за периодот до 2015 година, па според тоа можеме да заклучеме дека овој план има задача да ги идентификува специфичните цели – односно воспоставување на ефикасна мултисекторска мрежа за заштита на децата жртви, односно од злоупотреба, занемарување, експлоатација, насилство или друг облик на кривично дело. Во овој план за да се реализира оваа цел на заштита бил предвиден развој на Генералниот протокол за заштита на децата од злоупотреби, занемарување и слично.

Со Генаралнот протокол целта било да се обезбеди непречено одвивање и поголема ефикасност на соработката помеѓу меѓусекторите во процесот за заштита на децата. Националниот акционен план за деца предвидувал изработка и на специјални протоколи во случаи на сомневање за злоупотреба и занемарување на деца кои се развивале за одредени системи. Најчесто тие системи се: здравството, образованието и слично, а биле во согласност со основните принципи и упатства на Генералниот протокол.

Специјалните протоколи биле предвидени за да ги регулираат внатрешните процедури во рамките на системот и на рамките на одделни институции, на пример тука се вбројуваат: болници, училишта и слично. Во развојот на специјалните протоколи, исто така е вклучен и развојот, усвојувањето и спроведувањето на Специјалниот протокол за заштита на децата кои се наоѓале во т.н. алтернативна грижа – односно се мисли на домови за децата без родители и без родителска грижа, за деца кои биле со пречки во развојот и за деца кои биле со нарушувања во однесувањето.

Во согласност со Националниот план за акција за деца, Општиот протокол имал за цел да придонесе за подобрување на пријавувањето и регистрирањето на сите форми и облици на злоупотреби и дела и занемарување на деца. Сите извештаи за сомневање за злоупотреби и занемарувања на децата, имаат јасна цел, односно треба да бидат насочени кон Центрите за социјална работа, кои имаат обврска да организираат услуга за брза проценка.

Со Генералниот протокол целта било да се придонесе за развој и проширување на мрежата на мултидисциплинирани и меѓуагенциски тимови за заштита на децата, како на локално, така и на општинско ниво низ цела Република Србија. Според ова, ќе заклучиме дека јасните цели за заштита на децата во секој систем на правда е скоро ист или сличен, односно нагласеноста и целта е заштитата на децата жртви.

ОБУКА НА ЕКПЕРТИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ПРОТОКОЛОТ

Оваа обука на експертите за примена на протоколот поаѓа од едукацијата на експертите од различни области кои треба да овозможат и имаат за цел да овозможат развој и одржување на специфични компетенции на експерти од областа на заштита на децата, односно да им се овозможи на експертите да ја разберат појавата и соодветно да дејствуваат и според тоа да го водат процесот на заштита на децата жртви од злоупотреба и занемарување. Според тоа, едукацијата на експертите треба да биде континуирана и да има различни нивоа.

Во прв план е основното образование и тоа треба да вклучува вработени и персонал во институциите, како и во другите организации кои се занимаваат со деца, сè со цел да се стекнат со минимални знаење и да стекнат потребни вештини за да се спречи, препознае, процени и одговори на злоупотребите на децата и да се запознаат со редот и процедурите за заштита на децата кои се содржани во Генералниот протокол, вклучително тука спаѓаат и информации за тимот во нивната институција, односно лица кои имаат поконкретно знаење за ова прашање и исто така кои ќе можат да бидат консултирани во случај на потреба.

Повисокото ниво на образование ги вклучува експертите кои исто така се наречени тимови експерти и овие експерти се директно вклучени во заштитата на децата во одредени области. Овие експерти треба да им овозможат и обезбедат детално познавање на процедурите во рамките на заштитата на децата и истите вклучуваат: идентификување на лицата, откривање, известување, истражување и други докази кои ќе помогнат во процесот и постапката за заштита на децата, што исто така вклучува и добро познавање на доменот на работата, начини за размена на информации и меѓусебна соработка.

И највисокото, специјализираното образование, кое вклучува голем број на експерти од облсата на здравството, образованието, социјалната заштита, правдата и полицијата сè со цел за да се стекнат со специјализирани знаења и вештини потребни за понатамошните третмани на децата и нивните семејства.

КАКО СЕ ДЕФИНИРАНИ ЗЛОУПОТРЕБИТЕ И ЗАНЕМАРУВАЊАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ

Општата дефиниција за злоупотреба на деца ги вклучува сите форми и облици на физичка и емоционална злоупотреба на децата, сексуална злоупотреба, занемарување или небрежност, како и комерцијална или друг вид на експлоатација, што е во состојба за доведување на вистинско или потенцијално нарушување на здравјето, преживувањето, развојот на детето, што вклучува доверба, моќ и одговорност.

Најпрвин ќе ја земеме физичката злоупотреба на дете и оваа злоупотреба доведува до вистинска или потенцијална физичка штета на детето поради дело или пропуст за кое разумно може да се смета дека е во контрола на родителот или на лице кое е во позиција да има моќ, одговорност или доверба во детето, и кај овој вид на малтретирање и злоупотреба треба да се направи разлика помеѓу злоупотребено и ннамерно сторување, односно физички знаци кои покажуваат и симптоми кои имитираат намерна повреда, но всушност тие се последица или се потпомогнати од други услови од кои страда детето. Ваквите злоупотреби можат да бидат еднократни и повторени.

Примери за физичка злоупотреба се: удирање, пукање, тресење, фрлање, труење, горење, или пак, изложување на детето на топла пареа и слично. Физичката злоупотреба врз дете исто така вклучува и ненамерно предизвикување стрес кај дете од страна на родител, старател или друг возрасен којшто е одговорен за детето.

Сексуалната злоупотреба на дете е вклучување на дете во сексуална активност, што тоа не ја разбира во целост и со која не се согласува и не е во можност да се согласи на тоа. Сексуалната злоупотреба на деца се манифестира како активност помеѓу дете и возрасна личност или друго дете кое заради својата возраст или развој се наоѓа во позиција што му дава одговорност, моќ, каде што активноста има за цел да ги задоволува потребите на друго лице.

За сексуална злоупотреба на дете се сметаат следниве злупотреби:

- Поттикнувањето или принудувањето на детето да учествува во сексуални активности, без разлика дали станува збор за контакт (на пример, сексуален однос, сексуално допирање и сл.) или без контакт (на пример, изложеност на вид егзибиционизам итн.);

- Експлоататативна употреба на дете за проституција или други незаконски сексуални дејствија;
- Истражувањето на сопственото тело соодветно на возраста на детето не се смета за сексуална злоупотреба кога, особено кај адолесцентите, се истражува сопствено тело и сексуалност, што не вклучува активност помеѓу детето и возрасниот.

Емоционалната злоупотреба вклучува пред сè неуспех да се обезбеди соодветно развојно опкружување за поддршка, вклучително и достапност на примарна фигура, односно се мисли на фигура на приврзаност, така што детето може да развие стабилни емоционални и социјални способности, соодветни на неговиот или нејзиниот личен потенцијал. Оваа злоупотреба вклучува активности што омаловажуваат, оцрнуваат, обвинуваат без причина, се закануваат, заплашуваат, го ограничуваат движењето на детето, дискриминираат, исмеваат или се впуштаат во други форми на нефизичко, непријателско или одбивно однесување. Емоционалната злоупотреба подразбира поврзаност помеѓу примарниот старател или старател на дете во кое детето е навистина повредено, или кое може да биде потенцијално штетно за детето. Според тоа, ова вклучува развојно несоодветни, недоволни или неконзистентни односи со детето и вклучува: изложеност на збунувачки или трауматски настани и околности (на пример, семејно насилство), користење на детето за исполнување на психолошките потреби на негувателот, активно „поткупување“ на детето и неуспех во промовирање на детето социјална адаптација (вклучително и изолација).

Занемарувањето е неуспехот на негувателот, односно мислиме на родител или друго лице кое презема родителска одговорност или обврска да се грижи за детето дури и за кратко време (на пример, бебиситерка) за да обезбеди развој на детето во сите области: здравје, образование, емоционален развој, исхрана, сместување и безбедни услови за живот, и во рамките на разумните средства на семејството или старателот, што предизвикува или веројатно ќе го наруши здравјето на детето или физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој. Ова вклучува пропусти во правилниот надзор и заштита на детето од повреди до степен што е возможен.

Експлоатација на дете се однесува на употреба на дете за работа или други активности, во корист на други односно трети лица. Ова вклучува детски труд и детска проституција, киднапирање на деца или продажба на деца за трудова или сексуална експлоатација, експлоататорска употреба на деца за порнографски претстави и материјали и многу повеќе. Овие активности резултираат во нарушување на физичкото или менталното здравје на детето, образованието, како и моралниот, социјалниот и емоционалниот развој.

Овие дефиниции за злоупотреба на деца и занемарување се содржани во Генералниот протокол и се во согласност со дефинициите усвоени на Консултацијата за спречување на злоупотреба на деца при Светската здравствена организација во Женева во 1999 година, што беше прифатена и од Меѓународната асоцијација за спречување на злоупотреба и занемарување на деца (ISPCAN) пристап кон злоупотреба на деца од (2003 година).

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Табела 3: Приказ на децата жртви на кривични дела и нивните семејства

Според ова истражување, табеларниот приказ ни покажа дека во Република Србија кај скоро 1/3 од случаите со семејно насилство жртви биле децата во семејството, што е до некаде ист случај како и во Република Македонија.
2/3 од децата коишто живееле во некакви институции, биле жртви на кривични дела и поголемиот дел од нив биле деца со попреченост.
Од вкупниот број на деца, пријавени како деца кои се во судир со Законот, воспитни мерки им биле применети само на 9,5 % од случаите пред започнување на кривичната постапка.
44 % од машките деца (момчиња) и 42 % женските деца (девојчиња), коишто биле на возраст под 14 години, во домот биле изложени на насилни дисциплински методи.
57 % од девојчињата од ромска припадност стапиле во брак уште пред да наполнат 18 години жвот, а 18 % стапиле во брак уште пред да наполнат 15 години.

МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА СО ПАНДЕМИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА И ВЛИЈАНИЕ НА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Со оглед на моменталната ситуација со која се соочува светот, светската пандемија која зазема сè поголем замав, се јавува нарушување на психичкиот и физичкиот интегритет на една личност. Како во Република Србија, така и во Република Северна Македонија се соочуваме со потешкотии кои се одразуваат врз заштитата кај децата, но и кај повозрасната категорија на граѓани.

Ова истражување ќе го релизираме како за претходната заштита врз децата жртви и моменталната ситуација која е двојно загрозена од страна на пандемијата и кои се последиците во заедниците.

Во денешно време, поради ситуацијата со која се справува цел свет и се бориме против истата, заедницата во која живееме има нарушено функционирање, а ова најмногу се одразува на децата коишто биле изложени на ризик од сторување на некое кривично дело. Децата кои биле изложени на ваков ризик, без оглед на факторот поради кој биле подложни на ризик, стануваат уште поранливи од претходно. Светските организации и органиаиите во самата држава се борат и се обврзани за изнаоѓање на решенија коишто ќе имаат поголема корист, а најмногу од сè се опфатени децата жртви на некое дело. Според тоа, можеме да заклучиме дека се зголемени мрежните платформи за споделување на информации кои се од корист за повеќе страни и поголемо оспособување на социјалните работници, коишто имаат задача и обврска да обезбедат поголема квалитетна улога за да ги заштитт децата жртви .

Ова истражување е поврзано во координација со агенции на ООН[90] и според истото, можеме да заклучиме дека во време на светска пандемија семејствата се најзагрозени во оваа ситуација. Не само што е зголемен бројот на семејните насилства, туку и најголемите жртви од оваа ситуација се децата, а последиците од нив подоцна ќе се одразат врз нивното ментално и психичко здравје. Сметам дека во секое семејно опкружување стресот ја игра најголемата улога во оваа ситуација и затоа е зголемена веројатноста за поголемо достигнување и поголема бројка на зголемени случаи со семејни насилства, каде што најчесто жртви се децата.

[90] Организација на Обединетите нации

Ако ја земеме за пример социјалната и екомската заштита, ќе заклучиме дека најголемиот ризик го носат овие фактори. До сега повеќе пати во овој труд наведовме дека сиромаштијата во светот и кај нас е изразена на доста високо ниво, а оваа ситуација е само уште еден поголем ризик фактор, којшто дополнително придонесува за сторување на дела коишто според Законот не се дозволени. Во претходните години, а посебно оваа година, пандемијата на светско ниво двојно ја зголеми сиромаштијата и многу семејства едвај преживуваат, многу родители оваа година се напуштени од своите работни места.

Кога сме кај децата жртви на кривични дела, во ваква ситуација тие спаѓаат во најранливите категории и најмногу тие треба да бидат заштитени од страна на секој аспект кој се јавува. Ако сиромаштијата претходните години имаше големо влијание врз децата, денес таа е уште поизразена и поинтензивна во ризик на кршење на законот. Образованието е следниот ризик фактор, кој ако претходно претставуваше заштита, учење, воспитување и превоспитување, денес имаме ситуации каде што имаме затворени и празни училишта. Сето тоа претставува ризик не само во сферата на на описменување на децата, туку и во ситуација кога тие се допуштени и препуштени самите на себе.

Од сето досега наведено, ќе заклучиме дека и покрај светската пандемија која го зафати цел свет, светските организации и невладините организации во секоја држава се борат да обезбедат поголема заштита на најранливите категории на деца, на децата жртви и на нивните семејства. Упатството за спречување на дела коишто го кршат законот се на повиско ниво. Во делот на заштитита исто така има поголем развој и се прават брзи и итни планови за помош и спречување на дела кои се против законот.

VII. КОМПАРАТИВНО ГЛЕДИШТЕ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРВИЧНИ ДЕЛА И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Децата уште од најмала возраст имаат потреба од грижа, љубов, воспитување и негување на културата и традицијата од страна на своите родители, но не секое дете ја има таа можност. Честопати се соочуваме со деца кои се жртви и сведоци на кривични дела и криминал, а доколку судскиот систем не им овозможи правна заштита, тогаш децата имаат дополнителна траума во однос на тоа што го преживеале. Во едно истражување наидов на податок дека од 2000 година до 2014 година во Република Хрватска биле анкетирани околку 1500 деца, од кои некои биле само сведоци на кривични дела, а други пак биле жртви и истите дале и негативни коментари во однос на правната заштита која ја добиле.

Најголемиот проблем во ваквите ситуации најмногу ги погодува жртвите и сведоците во кривичната постпка. Најчесто тоа е промена врз личноста на жртвата која добива трајна траума, која постои во секој момент и сфера од животот.

Накратко ќе дадам еден пример од лице кое било жртва на семејно насилство:

„Девојчето било силувано од нејзиниот татко, односно била сексуално злоупотребувана. Жртвата долги години го криела тоа во себе и го носела на свој грб. Кога за првпат ја кажала вистината на нејзината мајка веќе имала 16 години, а сексуалното злосторство започнало кога таа имала само 8 години. Жртвата изјавила дека на 16 години ѝ било непријатно да ги каже срамните работи кои ѝ ги правел злосторникот, а камоли па тогаш на 8-годишна возраст.“

Од овој пример заклучуваме дека конкретно за оваа ситуација има семејно насилство кое жртвата со години го криела. За насилството и теророт кој го доживела жртвата, не се доверила дури ни на нејзината мајка, што значи дека стравот и срамот кој ги чуствувала биле посилни од барање на решение и соочување со вистината.

Кога сме кај семејствата и децата, постојат и многу деца кои се без родителска грижа и љубов. Заштитата на ваквите деца треба да биде на повисоко ниво. Истите овие деца, бидејќи биле напуштени од едниот или од обата родителa, имаат стравови, трауми кои подоцна лошо влијаат на нив и поради тоа донесуваат погрешни одлуки во животот. Решението на вакви ситуации повторно е во правниот систем и заштитата од државата, која има обврска и должност за истото.

Доказ е дека децата жртви и сведоците во постапката најдобро ја знаат вистината и тие ја даваат најголемата помош во откривањето на сторителите, но за да

се откријат сторителите и за да се казнат за стореното дело, судските експерти кои ја водат самата постапка исто така треба да откријат без да ги оштетат децата и да го загрозат нивниот интегритет.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

НАЈДОБАР ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО

Во Конвенцијата за правата на детето се содржани правата кои мора да се почитуваат и овие права имаат за цел да обезбедат заштита, најдобри интереси за секое дете и можности за тоа. Најдобриот интерес за детето е основниот принцип на Конвенцијата.

Секое дете има право на живот и опстанок, како и правилен развој и секое дете треба да биде заштитено од каква и да било форма на страдање, злоупотреба или занемарување.[91] Децата имаат право на развој, односно да израснат во семејна хармонија, со прикладен животен стандард, кој ќе биде погоден за физички, социјален, духовен и морален развој. Во случај на трауматизирање на детето, треба да се направат чекори за спречување и да се даваат насоки за здрав развој.

Во Конвенцијата се изработени и одговорностите за родителите, односно семејството на детето.

Најдобриот интерес на детето значи дека за секое дете треба да бидат земени предвид најдбрите интереси. Овој принцип не е само основен во Конвенцијата, туку е основно правило и во Упатствата што ги вклучуваат децата жртви и сведоци на кривични дела.

Овој принцип е прифатен во законодавството на многу држави, а некои од државите овој принцип го имаат вметнато и во нивните устави.

[91] Zakon o djeci - Children's Act, 2005.

ПРАВО НА ДЕТЕТО СО НЕГО ДА СЕ ПОСТАПУВА ДОСТОИНСТВЕНО И СО СОЧУВСТВО

Главната цел е да се обезбеди правда за децата жртви и сведоци на криминал, па според тоа, првенствено треба да се почитуваат следниве основни принципи:

Секое дете е уникатно и вредно човечко суштество. Детето треба да се почитува и да се заштитува неговото достоинство, да се негуваат неговите посебни потреби, интереси и приватност.

Децата жртви и сведоци на кривични дела треба да бидат третирани со посебно внимание и чувствителност во текот на судскиот процес, секогаш земајќи ја предвид неговата лична состојба, неговите потреби, возраста на детето, полот, зрелоста, со целосно почитување на неговиот физички, ментален и морален интегритет.

Децата жртви и сведоци на кривични дела треба да се третираат како посебни личности со уникатни потреби, желби и чувства. Кога станува збор за приватниот живот на детето, мешањето треба да биде сведено на минимум, а во судската постапка се користи јазикот што детето го разбира и користи.

Правото на децата жртви и сведоци во кривичната постапка, тие да бидат третирани со достоинство и сочувство, претставува основа за внимателен третман. На детето му се доделува голема улога во текот судскиот процес. Овој пристап може да воспостави и да придонесе за позитивен исход на судењето. Со посебен пристап кон овие деца истовремено ќе се помогне во истрагата и судењето за откривање на сторителот на кривичното дело, а најважно од сè е да се одбегне или да се намали ризикот од доживување на секундарна виктимизација.

ПРАВО НА ДЕТЕТО НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Овие права за децата жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка имаат за цел да обезбедат правда за децата жртви и сведоци во кривичната постапка и во корист на овие деца треба да се почитуваат следниве принципи.

Недискриминацијата овозможува фер и еднакво постапување пред секое дете, без оглед на расата, бојата на кожата, етничката припадност, полот, јазикот, религијата, политичкото, национално, етничко или социјално потекло. Општата заштита на децата жртви и сведоци во кривичната постапка подразбира било каква форма и вид на заштита од дискриминација.

ПРАВО НА ИНФОРМАЦИИ

Постојат два аспекти на правото на информации на децата жртви и сведоци во кривичната постапка.

Првиот апект претставува општ аспект и се состои од информирање на децата жртви и сведоци во кривичната постапка за помошта на која имаат право и начинот на организирање на правните постапки. Овој аспект е тесно поврзан со правото да се добие соодветна и ефективна помош.

Вториот аспект се смета за поконкретен и се однесува на информациите за специфичноста на предметот во кој учествува детето. Ова претпоставува обезбедување на информации за напредкот на случајот, за статусот на сторителот на кривичното дело и слично. Кај ова право најважно е дека на децата жртви и сведоци во постапката треба да им се даваат информации на јазикот што децата го разбираат .

ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ

Објавувањето на информации за децата жртви или сведоци во кривичната постапка, особено во медиумите, а во денешен случај најактуелен преносен извор на информации се социјалните мрежи, претставува можност за драматичен и трауматичен ефект врз децата. Освен што се загрозува безбедноста на детето, истовремено го засрамува и понижува, а постои и голема можност да биде изложено на понижувачки и засрамувачки коментари.

Откривањето информации за детето жртва или сведокот, освен за самото дете, од голема важност е и за неговото семејство, врсниците со кои се дружи, заедницата во која живее, а особено најлошо влијание има кога се работи за сексуалната злоупотреба.

Мерката за заштита на приватноста на децата жртви и сведоците е да се ограничи откривањето на информациите кои може да доведат во случај да се идентификува жртвата или сведокот во судската постапка. Според ова, треба да се обезбеди доверливост за сите жртви, без оглед на возраста.

ПРАВО НА СИГУРНОСТ

Кога постои ризик од загрозување на безбедноста и сигурноста на децата жртви и сведоци во кривичната постапка, најбрзо и најитно треба да се преземаат мерки и да се информираат надлежните органи за спречување на загрзувањето. Ваквиот ризик значи преземање на итна заштита за децата жртви и сведоци, односно обезбедување на заштита и сигурност пред процесот за време на постапката и по завршување на постапката. Во контактот со децата, професионалците треба да овозможат навремено информирање на органите кои работат со децата, во случај кога постои ризик или се сомневаат дека детето страда од насилство или кога било изложено на истото во минатото, или пак, ако постои веројатност во иднина повторно да биде изложено на истата трауматизација. Професионалците треба да бидат добро подготвени и истовремено стручно обучени да препознаваат заплашувања, закани и повреди на децата жртви и сведоци. При самото препознавање на професионалците на закана, заплашување или повреда во моменталната ситуација врз децата жртви и сведоци, треба да се активираат соодветените мерки за заштита на децата. Таквите мерки се поделени како:

- Избегнување на директни контакти помеѓу децата жртви и сведоци во постапката со сторителот на кривичното дело;
- Употреба на забранет пристап и поврзаниот регистар;
- Изрекување на притвор на обвинетиот и изрекување забрана за контакт со жртвите како услови за кауција;
- Секогаш кога има потреба ставање на децата жртви и сведоци под заштита на полицијата и други надлежни органи;
- Чување во тајност на трајната локација;
- Налог на куќен притвор на обвинетиот.

Во случај на постапка во која имаме организиран криминал и кога имаме и учество на децата жртви и сведоци во судската постапка, тогаш во ваквата ситуација секогаш постои страв за жртвите и сведоците, односно нивниот живот да биде трајно загрозен. Во таквите исклучителни ситуации кои се мошне чести во праксата, сигурноста и зачувувањето на нивната безбедност е клучна и треба да се посвети посебно внимание и заштита.[92] Во случаи кога постои трговија со луѓе, сексуална злоупотреба, или пак, кога сторителот на делото е некој близок на детето, обезбедувањето на сигурност на децата жртви и сведоците вклучуваат низа заштитни мерки сè со цел за да ги заштитат од понатамошни повреди, страдања, загрозувања, заплашувања или одмазди. Правото на сигурност на децата жртви и сведоци во постапката го вклучува и правото на доверливост и чување во тајност на информациите, освен во текот на самата постапка. На децата жртви и сведоци треба да им биде овозможена заштита и сигурност и по завршувањето на постапката, со тоа што ќе се чува тајната локација на детето, со преземање на мерки против сторителот на кривичното дело, запирање на заплашувањето и одмаздата. Оваа заштита и сигурност пред постапката, во текот на постапката и по завршуувањето на постапката е содржана во националните законодавства на повеќе држави. Кога сме кај заштитата, таа не се однесува само на децата жртви и сведоците во постапката, туку понекогаш е потребно и проширување на заштитата на детето, односно опфаќајќи го и неговото потесно семејство или блиски роднини на децата жртви и сведоци во постапката.

Во праксата имаме и примери во некои земји каде се формираат и специјални единици за заштита на сведоците во постапката. Овие заштитни мерки се обезбедуваат и се применуваат пред судските постапки сè со цел осигурување дека жртвата и сведокот се достапни и дека ќе можат да сведочат пред судот во постапката. Ваквите мерки се обезбедуваат и спроведуваат сè додека постои потреба за заштита од ризикот и можната одмазда по нивното сведочење, односно по завршувањето на постапката – судскиот процес.

[92] https://akademik.mk/konferencija-zashtita-na-detsata-zhrtvi-vo-pravnite-postapki/

ПРАВО НА КОМПЕНЗАЦИЈА

Ова право претставува можност за децата жртви и сведоци, односно секогаш кога има можност, да добијат компензација во целост и истата треба да биде прифатена. Постапките за реализација и извршување се лесно достапни за постигнување на компензацијата. Доколку постапката е пријателска за децата и е во согласност со упатствата, се препорачуваат заеднички постапки и постапки за надомест на штета, заедно со неформални постапки за социјална правда, на пример, како што е ресторативната правда. Ваквиот надоместок може да биде враќање на сторителот на кривичното дело на утврдување од страна на кривичниот суд, помош од државни програми за помош на жртвите и надомест на штета, кои се утврдени во граѓанска постапка.

Правото на компензација треба да им биде признато на сите жртви. Ова право се однесува на заштитни мерки и исправка на штетата предизвикана на жртвите, како последица од кривичните дела. Надоместокот им помага на жртвите за побрзо да се опоравaт. Жртвите може да бидат компензирани за материјална загуба и штета, да добијат медицинска помош или психијатриска помош, како и тоа да им се укаже помош за менталните страдања. Со примање на надоместокот на децата жртви донекаде се укажува дека правдата до одреден степен е постигната, односно и покрај тоа што веќе им била нанесена штета или и покрај тоа што веќе делото е сторено односно се случило. Корисник на надоместок може да биде самата жртва, како и нејзиното семејство или блиски роднини. Сепак, правото на компензација ги признава сите деца жртви, без оглед на нивната возраст.

Од горенаведеното може да се заклучи дека најдобриот интерес за детето е основниот принцип кој треба да се следи и кон него да се придржуваме бидејќи при донесувањето на одлуки, овој принцип ги заштитува и следи децата жртви. Развојот на вонсудската постапка е дел од сложувалката на процесот во полето на згрижување на децата и развој на пријателската правда за децата. Креаторите на политиката и различните професионалци, вклучени во процесот – судии, полиција, социјални работници, социјални едукатори, здравствени работници, родители и работници кои работат за згрижување на децата, треба да имаат иста цел за заштита и со истата да работат, а тоа значи дека судството треба да биде прилагодено на нив и без разлика на делото што е сторено. Нивната работа треба да биде фокусирана на децата и во најдобар интерес на децата.

Спогодувањето е модел којшто подразбира децата да се третираат со достоинство, грижа и почит, со тоа што ќе се овозможи на жртвата и нејзиното семејство да бидат третирани и почитувани и давајќи можност на детето жртва да ја поправи грешката, односно да ја надомести штетата предизвикана со сторувањето на кривичното дело.

Главната цел е детето да биде третирано на начин кој секогаш ќе биде во најдобар интерес за детето. Тоа се однесува на достоинството, сочувствувањето со него и најважно од сè е детето да не се почувствува дискриминирано. Секое дете има право да биде известено и информирано за постапката, да биде сослушано со право на слободно искажување на сопствените мислења и ставови. На секое дете треба да му се обезбеди ефикасна заштита и помош и поддршка за неговите права и интереси.

Кај децата сведоци заштитата на приватноста е клучно право за самиот сведок. Секоја информација која е поврзана со детето сведок во постапката треба да биде заштитена и да се преземат соодветни мерки да не биде изложена во јавноста. Идентитетот на детето не смее да се открива, како ни неговите слики и информации за неговото семејство. Секое дете сведок има право на безбедност и обезбедување на безбедни услови, со кои му се гарантира секое право. Основната цел на секој професионалец е да го заштити и осигура детето, да му даде доволно поддршка во текот и по постапката, како и да му обезбеди добивање и плаќање на надоместок.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДЕЦА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Табела 4: Табеларен приказ на децата жртви во Хрватска

	2010 година	2015 година	2019 година
Принуден сексуален однос без согласност	34	29	15
Силување	28	28	36
Сексуално вознемирување	37	36	29
Сексуална злоупотреба на дете под 15 години	26	28	19
Сексуална злоупотреба на дете над 15-годишна возраст	18	21	28
Задоволување на страст пред помладо дете од 15 години	27	15	22
Проневера на деца	15	9	18
Експлоатација на деца за порнографија	13	15	26

Инцести	6	7	12
Запознавање на деца со порнографски претстави	14	11	6
Деца жртви на семејни насилства	31	26	39
Вкупно	249	204	250

VIII. ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ И СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПОРЕД ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Политиката, законодавството и благосостојбата на децата во Република Германија се заштитени и регулирани со законите и актите на Република Германија. Германскиот основен закон содржи членови кои се фокусирани само на децата, односно бракот, семејството и децата. Децата ги уживаат сите уставни заштитни права што им се даваат на сите деца, според личното достоинство, еднаквоста пред законот и личните слободи.

Правото на слободен развој на личноста на детето јасно го обврзува законодавецот да обезбеди нормални услови за живеење на детето, здраво воспитување, што значи дека мора да се обезбеди спречување од злоупотреба и занемарување на децата.[93] Во Република Германија, според системот на функционирање, покрај главната задача и одговорност што ја имаат родителите и семејството на децата, за развојот на личноста на детето и самата држава има уставна одговорност и обврска да контролира и да се осигура дали родителите ја исполнуваат родителската грижа спрема децата.

„Република Германија ја има потпишано Конвенцијата за правата на детето во 1990 година, и истата ја има ратификувано во 1992 година.“

Грижата за децата и за нивното образование се право и обврска на родителите и смејството на децата. Националната заедница ги следи овие активности и доколку родителите не успеат да покажат грижа и внимание за своите деца, ако го занемаруваат своето родителско право или се во судир со законот, државата Република Германија не само што има право на интервенција, туку исто така има и мандат. Во случаи кога постои загрозеност на деца, кои родителите ги избегнуваат или сакаат да ги избегнат, државата има општа должност за децата, за нивните семејства и за едукација.

Кога сме кај терминот загрозување на деца и насилство врз децата, кога тие стануваат жртви или сведоци на делата, во Република Германија овој термин не е правно одреден, но истото не значи дека нема правило за одлучување дали детето е загрозено или не.

Во однос на правната дефиниција, највисокиот германски граѓански суд има донесено одлука во однос на загрозување на децата и доколку детето е во опасност, претходно целосно се идентификува моменталната опасност за детето. На пример, ако опасноста се случува во моментот или ако е скоро сигурно дека подоцна ќе настане и

[93] https://www.loc.gov/law/help/child-protection-law/germany.php

ќе дојде до значителна штета на детето, штетата може да се однесува на опасност по животот или здравјето на детето, или пак, постигнување на предвидлив неуспех за социјализација на детето.

Во германскиот сиситем за заштита на децата овој термин загрозување на децата е од најголемо значење бидејќи со истиот се јавуваат индикации за опасност по личноста и благосостојбата на детето. Ова значи дека германскиот систем на правда веднаш започнува разјаснување, заштита и определување во која форма и колку е присутна опасноста од загрозување на детето.

Системот на заштита на децата главно се состои од семејни судови и органи за заштита на децата и младите. [94]

Според Германскиот кривичен законик,[95] постојат неколку одредби со кои се криминализира злоупотреба на децата, посебно во однос на малолетниците, сексуалната експлоатација на деца, порнографија за деца и млади и трговијата со деца. Според овој Кривичен законик за кривично дело се смета секој што измачува или сериозно малтретира малолетник што е под негова грижа. За ваквите дела се казнува со казна затвор од 6 месеци до 10 години.

[94] Jugendämter
[95] The German Criminal Code

ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ ВО РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Во случаи кога постојат сомнежи за злоупотреба на децата жртви и сведоци, без оглед дали е физичко, сексуално или емоционално дело врз децата, најголемите настани и случувања се извршуваат во самите домови на децата, во училиштата или заедницата во која живеат.[96]

Според германскиот систем, постојат четири категории на поделба на злоупотребата на деца и тие може да бидат: занемарување, физичко, психолошко и емоционално злоставување и сексуално злоставување.[97]

Кога постои сомневање дека е извршена злоупотреба на дете жртва, првиот контакт се остварува преку најблискиот германски оддел за млади и деца, односно сè до утврдувањето дека нема голема опасност за детето, а во случај на поголема опасност, тогаш се пријавува во полиција. Дејствата што ги извршува германскиот оддел за млади и деца, веќе погоре напоменавме дека најпрвин се истражува за опасноста и индикациите за опасноста на делото, а доколку станува збор за посериозно дело, тогаш одделот/канцеларијата за млади и деца формираат работна група за проценување на опасноста и ризикот за детето. Кога постои поголема опасност за детето, во таквите случаи одделот за млади и деца ги зема децата жртви под своја одговорност и заштита. Во постапката, односно судскиот процес, од детето жртва се очекува и истовремено да сведочи за делото или настанот. Во текот на постапката и судењето децата жртви се заштитени сè со цел да се минимизира доживеаната траума.[98]

[96] https://www.dw.com/en/child-abuse-german-authorities-are-overwhelmed-by-increase-in-numbers/a-53752620
[97] https://www.statista.com/statistics/1101499/juvenile-adolescent-young-adult-suspects-violent-crime-germany/
[98] Verein Dunkelziffer V.

КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЖРТВАТА

Република Германија нема Национална канцеларија за помош на жртвите од криминал, но постои Програма за водење компензација на жртвите од криминал.[99]

Во програмата за водење на компензација на жртвите има обезбедено компензација само за жртвите на насилно злосторство.

Надоместокот во ваквите ситуации најпрво зависи од тежината на кривичното дело и може да вклучува, но не ограничувајќи се на медицинска рехабилитација, надомест на трошоците за живот, бенефиции за жртвите.

Во случаи кога во прашање се странци (освен граѓаните на Европската Унија), тогаш во таков слулај истите ќе добијат надомест само ако нивната матична земја им обезбеди надоместок на германските жртви.

ПРАВА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Од аспект на многу области на право, во Република Германија главна улога во злоупотребата и сексуалната злоупотреба на децата спаѓаат: Природното кривично право, Законот за компензација на децата жртви, Граѓанското право, Законот за благосостојба на деца и млади и правата на децата. На многу од овие полиња има достигнат успех и постигнати се многу работи за подобра заштита на децата и поддршка и помош за жртвите и нивните семејства.[100]

Службите за заштита на децата жртви во Германија, според уставот, се обврзани да ги штитат момчињата и девојчињата од опасност. Во општините и градовите Канцелариите за млади и социјална помош го спроведуваат овој таканаречен „мандат на заштита“.[101] Канцелариите за млади и социјална помош се вклучуваат во помош и преземање на превентивни мерки кога ќе добијат информации за загрозување на благосостојбата на децата, односно се мисли на физичко, психолошко или сексуално насилство врз деца или адолесценти.

[99] Opferentschadigungsgesetz.
[100] https://de.usembassy.gov/u-s-citizen-services/victims-of-crime/
[101] https://ec.europa.eu/anti-trafficking/member-states/germany_en

Децата и адолесцентите имаат права на заштита од сторување на кривични дела, а овие права, односно правата за децата, се поделени во три групи: [102]


1. Право на заштита
2. Право на учество
3. Право на поддржување

Правото на заштита вклучува секаков вид заштита на деца кои се жртви на кривични дела, независно дали тоа дело настанало врз основ на насилство, злоставување, или пак, сексуално злоставување. Ваквата заштита е обезбедена со национални и меѓународни регулативи. Најважниот договор на меѓународно ниво е Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации за правта на детето.

Во Конвенцијата во посебен член е предвидено дека:[103] „Сите држави потписнички се должни да ги заштитат децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба“.

[102] https://beauftragter-missbrauch.de/en/law
[103] Конвенција на Органзацијата на Обединетите нации за правата на детето, член 34.

ПРОЦЕНТУЕЛЕН ПРИКАЗ ЗА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА СПОРЕД ПОЛ



Графикон 1: Жртви на кривични дела според пол

Во овој графикон се претставени кривичните дела извршени според полот на жртвите, односно мажи, жени и деца (момчиња и девојчиња).[104]

Процентот на регистрирани жртви за 2018 и 2019 година е претставен и во процент за Република Германија,[105] па според тоа во претпоследните две години најмногу жртви, односно 40 % регистрирани жртви биле жени, во однос на машкиот пол имало само 10 %, момчиња - жртви на кривични дела биле 20 % и девојчиња - жртви имало регистрирани 30 % .

[104] https://www.unece.org/fileadmin/DAM/Gender/Beijing_20/Germany.pdf
[105] https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/policies/european-agenda-security/20181204_data-collection-study.pdf

ЗАКЛУЧОК

Заштитата на децата жртви на кривични дела и сведоци во постапката претставува глобален проблем во сите држави. За да се справиме со ваквиот проблем и да придонесеме за подобро општество и заедница за децата кои се жртви на кривични дела и сведоците во кривичните постапки најправо треба да ги почитуваме и да ги заштитиме нивните права и интереси, кои и те како се важни и клучни за решавање на овој сериозен проблем. Независно од тоа за какви дела, или пак, насилства станува збор, истите тие децата спаѓаат во најранливата категорија и истите треба да бидат заштитени, независно дали се жртви или сведоци во судскиот процес.

Системот за правда за децата со години наназад постојано се развива и унапредува, што претставува напредок и успех за нашата земја. Системот за правда за децата жртви и сведоци во кривичните постапки нè упатува кон системот на успех и помош за децата жртви и сведоци преку мерките за заштита на истите, покажувањето грижа, воспитните мерки и другите мерки на заштита, наместо казнување и сместување во установи. Целта на овие мерки е да се зајакне правниот систем во државава и да се постигне успех во системот на правда, односно секој да го добие заслуженото. Ова подразбира дека секој кој е сторител на кривично дело треба да биде казнет, а жртвите и сведоците треба да бидат заштитени и згрижени сè додека трае судскиот процес, а по потреба дури и по неговото завршување. Во системот за правда на децата жртви и сведоци во кривичната постапка фокусот е ставен токму врз интересите на децата, заштитата, грижата, воспитувањето, превоспитувањето и развојот на зрелоста на децата. Вака системот ни дава позитивен знак, со кој ни овозможува подигање на свеста и поттик за преземање на мерките за заштита на децата кои се жртви и сведоци на кривични дела. Најважно од сè е жртвите да имаат можности и полесно да го прифатат процесот на справување со постапката, како и да ги остварат своите интереси.

Во овој труд акцентот за појава за сторување на кривични дела го ставивме на повеќе ризик фактори кои се јавуваат во секој домен. Напоменавме дека социјализацијата за детето претставува клучен елемент за созревање и правилен развој на детето. Покрај сите ризик фактори кои ги објаснивме, најголем придонес има семејството. Родителите ја имаат клучната улога во воспитувањето и изградувањето на децата како личности, достојни за општеството во кое живеат. Меѓутоа можеме да потврдиме дека ваквиот систем за правда за децата и заштита на децата жртви и сведоци претставува комплексно и сложено прашање, а сложеноста не секогаш го пронаоѓа вистинскиот пат за успех. Понекогаш овој пат е кобен и макотрпен кога стнува збор за кривични дела, без разлика дали е голема или мала тежината на делото, кога децата се јавуваат како жртви или сведоци во кривичната постапка.

Според ова, во магистерскиот труд во третата потточка имаме осврнување на современите принципи и аспектите коишто го предизвикуваат престапништвото и деликвенцијата на малолетниците, прецизирани се ризик факторите кои доведуваат до појава на извршување на кривичните дела и претставени се негативните последици кои настануваат од делото. Ги укажавме правата на Конвенцијата којашто ги штити правата на децата, како и посебно дадовме толкување на Законот за правда за децата, односно ги утврдивме карактеристеките и појмовното значење.

Во следниот дел, односно четвртата потточка ги прецизиравме посебно мерките на заштита и го образложивме целите за истите кога имаме заштита кај децата жртви и сведоци во кривичната постапа, како и тоа дека истите се заштитени со права кои треба да им бидат укажани од страна на органите и институциите. Постапката се води затоа што се појавил ризик фактор и настанало сторување на кривично дело. Понатаму детално ја објаснивме кривичната постапка и ја образложивме постапката на медијација, односно решавањето на спорот со медијација, како се спроведува, како започнува текот на медијацијата, нејзиното завршување според законот.

Петтата потточка дава комплетно образложение на заштитата на децата жртви и сведоците во кривичната постапка, посебните права на мерки и заштита и превенцијата, односно како превентивно да се заштитат во целиот судски процес, а исто така направивме и поделба на превенцијата на: примарна превенција за заштита на децата – жртви и сведоци, секундарна превенција и терцијална превенција.

Во следната потточка, односно шестата имаме ситуација на опишување на моменталната ситуација во светот и кај нас, односно времето во кое денес се прилагодуваме да го живееме и колку пандемијата негативно влијае на ситуацијата со децата и нивната заштита. Свесни сме за степенот на сиромаштија, глад, невработеност и другите негативни фактори кои влијаат на семејствата, како и затварањето на училиштата, односно колку мерките на заштита ќе имаат влијание и каков исход ќе имаме од целата оваа ситуација. Во оваа ситуација секојдневно на социјалните мрежи читаме колку е зголемен бројот на семејни насилства и дека сето тоа негативно влијае врз децата, па го образложивме и тој дел, бидејќи тие се единствените жртви и сведоци истовремено.

Понатаму во магистерскиот труд следуваат тритте претпоследни потточки, каде што правиме компаративна анализа на повеќе држави. За компарацијата ги земавме државите Србија, Хрватска и Германија, и направивме анализа на системот за заштита на децата и кои права ги заштитуваат децата жртви во кривичните постапки во Србија, Хрватска и Германија, споредено со нашата земја и колку порастот на сиромаштијата и моменталната ситуација со епидемијата имаат влијание на заштитата на децата.

Несомнено е дека учеството на децата жртви и сведоци во кривичната постапка е од суштинско значење на кривичното правосудство. Главната приоритетна цел на националното законодавство е да има поголемо остварување на интересите за заштита на децата од криминал, насилство и загрозувањето на нивните слободи и права. Од суштинско значење е и фактот дека на децата жртви и сведоци во кривичните постапки им е потребна поголема и посебна заштита сè со цел да би се спречила трауматизацијата, која ја доживеале и избегнување на повторната виктимизација.

Децата жртви и сведоци во кривичните постапки треба да имаат пристап до системот на правда, односно системот на правда за децата треба да ги штити од дискриминација по било кој основ, дали е тоа бојата на кожа, полот, јазикот, политичкото или друго мислење, како и други лични својства на детето.

Во судките процеси кои се водат и службите кои им даваат поддршка на децата жртви и сведоци, како и на нивните семејства – родители/старатели треба да бидат чувствителни во однос на зрелоста на детето, возраста, желбите, сексуалната ориентација и други особености. Во судскиот процес децата жртви и сведоци треба да бидат третирани на грижлив начин, водејќи сметка за нивниот физички, морален и ментален интегритет. Исклучоци во ваквите процеси не смеат да постојат, бидејќи секое дете заслужува третман според своите индивидуални потреби и желби.

Во случаи кога постои ризик од загрозување на безбедноста на децата жртви и сведоци во кривичната постапка, неопходно е и итно преземање на соодветните мерки за спречување на таквите ризици за време на постапката или по завршувањето на постапката.

Во нашето македонско законодавство се вклучени начелата за правда на децата, и со овие начела им се дава можност и право на учество во судските постапки, на начин кој е соодветен според возраста и зрелоста на децата жртви и сведоци. Во кривичното процесно законодавство на Република Северна Македонија јасно и прецизно се определни сите права кои жртвата и сведоците ги уживаат кога ќе се појават во кривичната постапка.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Alport, G. (1969). Sklop I razoj licnosti, Beograd,
2. Albanese Jay (2003). The prediction and Control of Organized Crime
3. Caric, A. (1971). Problemi maloletnickog sudstva,
4. Bossard Andre, Police cooperation in Europe,
5. Brady Hugo. (2007). The EU and the fight against organized crime , London
6. Boskovic Milo (1998). Oraganizovani Kriminalitet
7. Cipriani D.J. (2007). Children's rights and the Minimum age of criminal responsibility
8. Domino G, Domino M. (2006). Psychological Testing an Introduction
9. Durkheim E, On Suicide (2006). Penguin books limited
10. Farrington and Welsh (2007). Saving Children from a life of crime, Oxford University
11. Grubac, M. (1973). Mogucnosti I garancije prenosenja krivicne sudske funkcije za drzave na drustvo,
12. Gunaratna Rohan (2001).Transnational threats in the post war era, London
13. Eysenck Hans (1994). Crime and Personality, Boston
14. Hans Jurgen Eysenck (1986). Kniga Inteligencije, Beograd,
15. UNICEF (2017). Violence against shildren in Serbija. Determinants, factors and interventions- National research to policy and practice report, Belgrade.
16. Jasovic, Kriminologija maloletnicke delikvencije , naucna kniga, Beograd,
17. Koshevaliska, O. Nanev, L. (2014). Adequacy of the terminology in the Law for justice for children,

18.Merton R. (1965). Social theory and social structure,New York,

19.Miler P. (2011). Theories od Developmental Psychology

20.Peric O., Alternativne mjere I sankcie u novom Krivicnom zakonu o maloljetnicima

21.Petrovic Borislav, Mesko, Gorazd, (2004). Kriminalogija, Pravni fakultet, Sarajevo

22.Piaget J. (1936). The origins of intelligence in children

23.Sukovic D. (2010). Socijalni model Srbije u funkciji ekonomije siromastva I ekonomskog razvoja , Beograd

24.World Youth Report, UN, 2003

25.Wiliam D, Richard M. (2006). handbook of Child Psychology, Social Emotional and Personality

26.Sasic Zeljko (2001). Organizirani criminal-metode, Zagreb

27. Арнаудовски, Љ. (2984).бМалелтничко престапништво, Скопје

20.Алексоски, С. (2010). Криминологија, УГД - Штип

28.Бужаровска-Лажетиќ (2013). Аворизирани предавања по малолетничко казнено право УКИМ

29.Бужаровска-Лажетиќ (2011). Овластувања на центрите за социјална работаи на јавниот обвинител во малолетничката правда

30.Бужаровска-Лажетиќ, Нанев Л., Кошевалиска О. (2012). Медијација во сиситемот на малолетничка правда

31.Бужаровска-Лажетиќ Г. (2006). Малолетничка правда

32.Бужаровска-Лажетиќ Г. (2006). Медијацијата и обештетувањето во законодавството на европските држави

33.Бужаровска-Лажетиќ Г. Улогата на центрите за социјална работа и овластувањата на јавниот обвинител според ЗМП

34.Бужаровска-Лажетиќ, Пајовиќ Мишевска С. (2010). Мерките на помош и заштита според ЗМП

35.Бужаровска-Лажетиќ, Мисоскин (2009). Спогодување и маедијација, Македонска ревија за казнено право и криминологија

36.Владо К. (2005). Организиран Кримнал

37.Владо К. (1996). Правна држава и организран криминал-Правен факултет

38.Давитковски Б, Бужаровска Г, Калаџиев Г., Мицковик Д. Компаративен преглед на домашното законодавство и Конвенцијата за правата на детето, Скопје

39.Декларација за заштита на правата на детето (ратификувана од Собранието на РМ), 2003

40.Државен завод за статистика

41.Ѓуркова Олга (2010). Казнената постапка за коруптивните кривични дела, Скопје

42. Гордана Лажетиќ – Бужаровска (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје

43.Мурџева Шкариќ (2009). Психологија на детството и на адолесценцијата, Развојна психологија, Филозофски факултет, Скопје

44.Нанев Лазар (2008). Улогата на судијата за малолетници во системот на малолетничка правда

45. Kulacah, Justuna, Whiskin, Nigel, Marks, Erich (2006). Culture od prevention urban crime prevention policis in Europe

46.Сулејманов (2003). Криминална политика, Графохартија, Скопје

47.Stojanovic-Milosevic G. Krivicno pravni status maloletnika u zakonodavstvima bivsih Jugoslovenskih republika, Makedonska revizija za kazneno pravo,

48.Shoemaker D., Wolfe T. (2005). Juvenile Justice

49.Urbas G. (1998). The Age of Criminal Responsibility

50.Umbreit M. (1998).Victim Sensitive Guidelines for Victim

ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

1. Коментар на Законот за правда за децата со практикум акад. Владо Камбовски, проф. д-р Гордана Лажетиќ, вон. проф. д-р Беса Арифи, вон. проф. д-р Олга Кошевалиска, доц. д-р Џемали Саити, Скопје, 2018
2. Национална програма за развој на образованието на РМ период до 2015 година
3. Национална стратегија за заштита од семејно насилство (2009-2011)
4. Прирачник за социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје, 2009
5. Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, проф. д-р Сунчица Димитријоска, Скопје, 2009
6. Сотировски Љ., Ѓуркова О., Медијацијата во кривичните предмети , 2010, Штип
7. Закон за адвокатура
8. Закон за внатрешни работи
9. Закон за Јавното обвинителство
10. Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ. бр. 150, 2010,
11. Закон за правда за децата, 2013
12. Закон за полиција
13. Закон за малолетничка правда, 2007
14. Закон за прекршоци
15. Закон за социјална заштита
16. Закон за семејство, 2004
17. Закон за семејно насилство
18. Закон за здравствена заштита
19. Закон за основното образование, 2008
20. Закон за заштита на деца, 2000
21. Закон за медијација, 2009
22. Закон за заштита на сведоците
23. Заштита на сведоците и жртвите – ЕКО SOS Упатства – резолуција, 2004/27
24. Закон за судовите

ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦИ

1. https://www.unicef.org/serbia/decija-zastita
2. https://www.pravdiko.mk/raboti-koi-treba-da-gi-znaete-za-medijatsijata/
3. https://akademik.mk/postapkata-za-medijacija-nekolku-fazi-do-prifatlivo-reshenie/
4. https://www.pravdiko.mk/vidovi-na-kazni-za-detsa-nad-16-godishna-vozrast/
5. https://www.paragraf.rs/propisi/opsti_protokol_za_zastitu_dece_od_zlostavljanja_i_zanemarivanja.html
6. https://www.unicef.org/serbia/media/2751/file/Determinante%20i%20faktori%20nasilja%20nad%20decom%20u%20Srbiji%20pregled%20nalaza.pdf
7. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.07.pdf
8. https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/03/Izvestaj_Koalicija.pdf
9. https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/03/002_.pdf
10. https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/revidirana_str_siromastija.pdf
11. https://mia.mk/unicef-kovid-19-a-zasili-detskata-siromashti-a-vo-zem-ava/
12. https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf
13. https://koronavirus.gov.mk/merki/mtsp
14. https://mtsp.gov.mk/januari-2020-ns_article-sekoe-dete-ima-pravo-na-bezbedno-i-srekjno-detstvo-vladata-usvoi-nacionalna-strategija-i-akciski-pla.nspx
15. https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%BA%D0%BE%D1%80%D0%BE%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82/30894611.html
16. https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/izvestaj-mk_compressed.pdf
17. https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/4Izves_ESP.pdf
18. http://nvoinfocentar.mk/wp-content/uploads/2015/03/Macedonian_Full_Report_14_October_Part_12.pdf
19. http://www.childrensembassy.org.mk/pocetna-ns_article-28-godini-popraveden-svet-za-decata.nspx
20. https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/deca-izlozeni-na-rizik-moze-da-stanat-nevidliva-zrtva-na-pandemijata
21. https://mup.gov.hr/online-prijave/zastita-djece-i-obitelji/281668
22. https://www.unicef.org/croatia/pravosude-po-mjeri-djeteta
23. https://mup.gov.hr/online-prijave/zastita-djece-i-obitelji/281668
24. https://www.unicef.org/croatia/reports/izvansudska-nagodba-u-kaznenom-postupku-prema-mladima-u-sukobu-sa-zakonom-u-republici
25. https://www.unicef.org/croatia/media/651/file/Priru%C4%8Dnik%20za%20stru%C4%8Dnjake%20i%20donositelje%20odluka%20o%20pravosudnim%20pitanjima%20k

oja%20uklju%C4%8Duju%20djecu%20%C5%BErtve%20i%20svjedoke%20kaznenih%20djela.pdf
26. https://akademik.mk/
27. https://sos.org.mk/detsko-selo-skopje/
28. http://www.childrensembassy.org.mk/
29. http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/Godisen-izvestaj-2015.pdf
30. https://e-justice.europa.eu/content_rights_of_victims_of_crime_in_criminal_proceedings-171-hr-hr.do?member=1
31. https://e-justice.europa.eu/content_eu_overview_on_mediation-63-hr.do
32. https://mtsp.gov.mk/januari-2020-ns_article-sekoe-dete-ima-pravo-na-bezbedno-i-srekjno-detstvo-vladata-usvoi-nacionalna-strategija-i-akciski-pla.nspx
33. https://na.org.mk/
34. https://de.usembassy.gov/news-events/
35. https://ec.europa.eu/anti-trafficking/member-states/germany_en
36. https://www.refworld.org/docid/3df4be291f.html
37. https://www.dji.de/fileadmin/user_upload/bibs/DAPHNEGermanReportLayoutFIN.pdf
38. https://de.usembassy.gov/education/
39. https://www.refworld.org/type,COUNTRYREP,,,,,0.html
40. https://beauftragter-missbrauch.de/en/law